СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

I продолжение на  Осумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 февруари 1998 година

Скопје, февруари 1998 година

**85 (ОСУМДЕСЕТ И ПЕТТА) СЕДНИЦА, I ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 11.II.1998 ГОДИНА**

Т.2 (пр.З.за мак.железници)-стр.1
Т.5(изменување на з.за изб.список и легитим,)56
Т.4(ЕУР0К0НТР0Л)-стр.65; Т.5(ратификација)67
Т.6(ратификација)стр.68; Т.7(ратификација)стр70
Т.8(ратификација),стр.71 и продолжува на стр.94
Т.14(избор судија)стр.84; Т.15-85; Т.16-85; Т.17-86;
Т.18 - 87; Т.19 повлечен - 88; Т.21 ( за наредната седница) - 88;Т.22 - стр.89;Т.23 -стр.90
Т.2 (Повлечена за наредната седн.)стр.90
Т.25 - стр.91; Т.26 - стр.91; Т.27 - стр.92;
Т.28. - стр.93; Т.29 -стр.93;
Т.9 (ратификација) - стр.99
Т.10 (ратификација) - стр.103
Т.11 (ратификација) - стр.113
Т.12 (ратификација) - стр.117
Т.13 (ратификација) - стр.119

1.АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 107
2. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 16
3. КОЦЕВСКИ АЦЕ 13
4. ЛАЗАР0В ЈОВАН 21
5. МУРАТИ ЏЕЛАДИН (го заменува Претседателот) 66, 71
6. ПЕТК0ВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1, 73
7. ПЕТКОВСКИ БРАНКО (Зам.министер за сообр. и врски) 2
8. П0П0ВСКИ П. НИКОЛА 6
9. ПОПОВСКИ Г. НИК0ЛА 61, 104, 105
10.РАМАДАНИ САЛИ 29, 41, 71 (зборува албански), 73, 74, 75, 78, 79, 80, 81, 83, 95, 96, 98, 102, 114
11.СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 8, 11, 31, 32, 33, 34, 35, 38, 39, 40, 43, 45, 47, 49, 50, 51, 52, 53, 55
12. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 19, 20
13. СПАС0В ЃОРЃИ (министер за правда) 56, 60, 64
14. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 63, 119
15.ТАИРИ МЕВЉАН 23, 89, 97, 110
16. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА 94, 100, 109, 111
17. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 89, 91
18. ШАПУРИЌ ЗОРАН 57

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## продолжение на Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 февруари 1998 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 85-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игнатие Богдановски и Персида Малинска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше име и во мое име да и го честитам роденденот на нашата колешка г-ѓа Митрева, да и посакам добро здравје.

Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за Македонски железници.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Има збор заменикот на министерот за сообраќај, г-динот Бранко Петковски.

I/2 нн /вц

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници на денешново заседание пред вас е предложена законска регулатива за македонски железници. Постапувајќи по вашите забелешки и укажувања, сугестии и конкретни предлози во претходната фаза Владата на Република Македонија го подготви овој предлог на закон кој нуди, современа, рационална и функционална регулатива за стабилност, сигурност во работењето на македонските железници. Сите сме свесни за потреба од донесување на овој закон која е условена од незавидната положба во која се наоѓаат македонските железници. Создадениот вакум во оваа законска регулатива по осамостувањето на нашата држава донесе нови проблеми и потешкотии во одвивање на железничкиот сообраќај од аспект на нормативната регулатива. Македонските железници и воопшто железничкиот сообраќај па и кај нас има стратешко значење за севкупниот стопански и општествен развој. Нивното работење во функција на сто- панството како и остварување на основните компоненти во комуникациите, внатрешна и надворешна поврзаност на стока, односно материјални вредности. Свесни за овие приоритети, како и на стратешката местоположба што македонските железници ја имаат во овој дел пред Владата се наметна како приоритетно за донесување на овој закон кој предизвика посебно интересирање и во нашиот законодавен дом. Тоа е сосема нормално бидејќи актуелната состојба во македонските железници е незавидна.

Особено, чувствителни се прашањата околу состојбата на инфраструктурата, нејзиното одржување, застарениот возен парк, безбедноста во сообраќајот и исполнување на меѓународните норми и стандарди, како своевиден динамичен, сообраќаен крвоток кој минува и низ нашиот македонски простор.

I/3

Со посебна тежина и чувствителност се наметнуваат прашањата околу финансирањето на оваа дејност која била и останува стратешка дејност за земјава. Дел од овие прашања добиваат во Предлогот на законот регулатива и понудени се решенија кои ќе овозможат помирен реформски и стабилизационен период во македонските железници. Дефинирањето на обврските и надлежностите на вработените на јавното претпријатие, како и на Владата односно на субјектите на државата ја утврдува и одговорноста на државата за функционирањето на оваа значајна сообраќајна дејност во земјата.

Почитувани пратеници. На просторот на нашата држава имаме 699 км градежна должина на пруга која заедно со страничните пруги достига должина до 925 км и 102 км индустриски колосек што ја чини основната инфраструктура на македонските железници. Сите пруги се со нормален колосен со широчина од 1435 мм. Од вкупната должина на пругите електрифицирани се 233 отворена пруга и 83 км. Станични колосеци кои се опремени со телекомуникациски постројки.

Неелектрифицираните пруги се опремени со телеграф-телефон постројки и воздушни водови кои се функционално истрошени со амортизационен век одамна изминат.

Македонските железници располагаат со активен возен парк од 88 влечни возила, 2400 товарни вагони, 170 патнички коли со 8339 седишта и 1700 легла во спални и кушет коли.

Посебно е чувствително прашањето со обезбедувањето и одржувањето на околу 300 патни премини на ниво со железничка пруга од аспект на одржување на истите на потребно ниво, на безбедносен сообраќај во железничкиот сообраќај.

Овие показатели ви ги изнесов само како илустрација за моменталната состојба во нашите железници која укажува на релативно ниското техничко ниво на железничката инфраструктура со исклучок на магистралната пруга Табановци-Гевгелија која има релативно добри карактеристики. Ваквата неповолна состојба е присутна и кај возниот парк кој се карактеризира со застареност и истрошеност на железничките капацитети.

Во отсуство на законска регулатива за оваа област и во услови кога македонските железници функционирале како општествена сопственост, минимални биле условите и можностите за поголеми вложувања и промени во оваа дејност. Сепак времето и потребите го чинат своето. Процесот на трансформацијата и на реформите силно навлегува и во македонските железници. Основа за тоа е овој предлог закон.

Во неговата подготовка се користени решенија, меѓутоа и практични искуства од повеќе земји, посебно од членките на европската унија каде го бараме и гледаме нашето место. Консултирани се експерти од германски железници преку владината агенција за развој и техничка помош и тоа во повеќе наврати. Посебен акцент е поставен на современите техничко технолошки стандарди за одржување реконструкција, изградба на железничка инфраструктура како регулатива во функционирањето на железничкиот сообраќај кој се применува во земјите членки на Европската унија.

Во текстот на овој предлог на закон се понудени рационални и ефикасни решенија кои соодветствуваат токму за нашите услови, но и за остварувања на македонските амбиции за уште поблиско интегрирање на нашиот со европскиот железнички сообраќај. Се определуваме за трајно решавање на железничкиот сообраќај во Република Македонија

како единствен технолошки систем. Токму од тие причини за управувањето, одржувањето на инфраструктурата како дејност од јавен интерес Владата на Република Македонија основа јавно претпријатие Македонски железници. Од посебно значење во дефинирањето на секогаш чувствителното прашање - финансирање со Предлог законот се предвидува изградба на железничката инфраструктура да се финансира од средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија, сопствени средства, кредити и заеми и други извори.

Не навлегувајќи подетално во другите делови на предлог законот и овој пат сакам да нагласам на одговорноста за неговото извршување.

Предвидени се казнени одредби, се со единствена цел се со цел да се загарантира функционирањето на железничкиот сообраќај, неговата редовност во меѓународниот и домашниот сообраќај, а пред се безбедноста во одвивање на сообраќајот. Сето ова најавува дека донесување на законот за македонски железници како една од битните окосници на нормативната регулатива во сообраќајот ќе понуди еден нов период во македонските железници, време на промени на јакнење на професионалноста, но и на одговорноста бидејќи сите сме свесни дека сообраќајот и функционирањето на нашите комуникации за светот се најверното огледало на една држава.

Веднаш по неговото од ваша страна почитувани пратеници законот предвидува динамична операционализација во функцијата на јакнење на улогата на нашите македонски железници како дел од севкупното стопанство на земјоделство.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници. Железничката мрежа во Република Македонија во последните 50 години неможе да се одбележи со некаков развој, напротив повеќе стагнира. Споредбено со некои развиени земји покажува дека нашата земја има релативно ниска густина на железничка инфраструктура. Застарената техничка состојба на нашите пруги во голема мера ги намалува стабилноста и брзината на транспортот. Организационата поставеност на денешниот железнички транспорт, исто така, не овозможува ефикасен комунален превоз, комбиниран пренос односно квалитетна поврзина помеѓу патничкиот и воздушниот сообраќај.

Општо земено, можеме да констатирам дека состојбата во железничкиот сообраќај во РМ е неповолна. Тоа е резултат на повеќе субјективни и објективни фактори кои во изминатиот период имале влијание на развојот на оваа стопанска гранка. Од друга страна досегашната законска регулатива која беше врз основа на концептот на општествена сопственост и техничко технолошко единство со осамостојувањето на Република Македонија создаде огромен вакум и низа недоречености во поглед на недореченоста во оваа област. Добро е што одделни решенија предвидени со овој текст соодветствуваат на нормите предвидени со прописите со кои се регулира железничкиот сообраќај во земјите членки на Европска унија.

Кога ќе се земе во предвид еколошката и енергетската предност во спомнатата регулатива во светот во однос на примената на светскиот еколошки развој во намалување на загадувањето на просторот значи преферирање на предностите на железничкиот сообраќај во однос на патниот и потреба од пренасочување на товарниот патен транспорт во железнички.

Содржината на законот за Македонските железници е разработена во 9 глави.

Во глава 2 е изградба, реконструкција, ремонт и одржување на железничката инфраструктура со своите членови најдобро разработено. Железничката инфраструктура се проектира, гради, реконструира, ремонтира и одржува согласно барањето на безбедноста на железничкиот сообраќај. Железничките пруги што служат за меѓународен сообраќај мора да ги задоволат условите, нормите и прописите утврдени со меѓународен договор кој ја обврзува Република Македонија.

Во оваа глава исто така детално се разработени системот за врски, електрификација и ремонтот и одржувањето. Инвестирањето на странски капитал во режим на концесии и под други услови за нови железнички линии и за поврзување и за модернизација на постојните линии, поефикасна железничка мрежа ќе бара поквалитетни согледувања и подготовки, како и современи правни регулативи и дефинирани услови за концесии како што е предвидено со националната стратегија за економски развој на Република Македонија изработена од МАНУ.

Донесувањето за македонските железници во својата содржина целосно ги уредува прашањата во поглед на

Прво, во вршење на железнички транспорт,

Второ, положба, сопственост и трансформација,

Трето, стопанисување,

Четврто, изградба, реконструкција и одржување и заштита на железничката инфраструктура.

Петто, финансирањето доаѓа во вистинско време. Нагласувам во вистинско време, бидејќи неговото вложување ќе значи и попречување

на успешното прилагодување на системот на железници во Република Македонија, согласно уредбите на Европската Унија.

Уредби кои со својата содржина го дефинираат развојот на железницата, но истовремено и односи железница - држава. Во тој контекст некако треба да се гледа и најавената активност на Владата на Република Македонија во доменот на трансформирање на јавното претпријатие Македонски железници на два посебни организациони дела - инфраструктура и сообраќај.

Овој закон треба да создаде услови ваквата трансформација успешно да биде завршена до крај.

На крај би сакал да истакнам дека гласајќи за содржината на овој закон воедно гласам и за поредовен и побезбеден и пред се современ железнички сообраќај во Република Македонија но и воопшто во Европа. Да не заборавиме дека низ нашата Република минуваат или ќе минуваат многу значајни железнички коридори. Коридорот 10 кој иде преку Јесенице-Љубљана-Загреб-Белград-Ниш не поврзува со централна и западна Европа и новиот коридор осум кој преку нашата железничка мрежа ќе треба да го поврзе Драч со Бургас но и со државите од некогашниот советски сојуз односно Блискиот Исток.

Од претходното изнесено давам целосна поддршка давам целосна поддршка на Законот за македонски железници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, секако дека законот за македонските железници

претставува еден од битните закони од аспект на сообраќајот односно делот на сообраќајот на нашата држава кој заедно со патната мрежа и воздушните коридори претставува еден битен закон од аспект на наше физичко побрзо приклучување кон Европа преку сообраќајниците што ги имаме и секако од аспект на законска регулација на овој вид на сообраќај во нашата држава.

Очигледно дека предлагачот се обидел со овој текст да реши три битни прашања со овој предлог на закон.

Првото прашање е статусот на целата железничка инфраструктура, па и возните средства со кои се располага во овој момент во државата.

Второ прашање е финансирање и третото прашање е во еден мал дел се зафаќа со еден голем проблем а тоа е положбата на вработените во македонските железници или воопшто во целата железничка инфраструктура.

Од аспект на првото прашање во однос на статусот на целата железничка инфраструктура односно и возните средства и сите елементи кои влијаат на овој дел од транспортот сметам дека предлагачот недоволно и недифинирано се осврнал на ова прашање. Кога го велам ова мислам на тоа дека во општите одредби каде што предлагачот требаше по мое мислење, да даде голем акцент од аспект на дефинирање на статусот на железничката инфраструктура, статусот на јавното претпријатие Македонски железници, статусот на возните средства со кои се располага во државата па и на вработените сметам дека многу недефинирано, нејасно, па дури би рекол и конфузно се приоѓа кон овој проблем.

Во членот 2 во ставот стои дека железничката инфраструктура може да се користи и од други правни и физички лица под услов и начин утврдени со овој закон и со меѓународни спогодби и елементи во овој закон е дефинирано точно јасно и прецизно кои се тие утврдени услови и начини за користење на железничката инфраструктура со возните средства што располагаат субјекти, правни и физички лица, или ќе располагаат во една перспектива и на кој начин се решава од правен и од комерцијален аспект, па ако сакате и технички, иако техничкиот е опфатен да тие корисници ја користат постоечката железничка инфраструктура во државата. Сметам дека законот тука не одговорил и тука требаше навистина да се дадат јасни услови и начини, правни и комерцијални како треба да се користи таа железничка инфраструктура.

Во членот 3 кажано е дека железничката инфраструктура и возните средства на македонските железници се сопственост на Република Македонија. Ова се би било во ред доколку во членот 127 каде што се зборува за финансирањето на железничката инфраструктура никаде во тој член не е спомнато што е со возните средства. На кој начин тие возни средства ќе се ремонтираат, одржуваат, па и обновуваат со нови средства. Значи дека во членот 127 е опфатено како ќе се финансира државата става рака на инфраструктурата од аспект на финансирањето преку буџетот, но никаде не е кажано како, на кој начин ќе се одржуваат веќе амортизираните возни средства на македонските железници, на кој начин ќе се обновуваат ремонтираат  итн. Сметам дека тоа е еден голем пропуст и требаше тука базно да стои на кој начин ќе се пријде со програма за одржување и на возните средства кои се битен елемент од целиот закон.

II/1 СС/ЛБ

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (продолжение)

Кога зборувам за статусот на железничката инфраструктура, морам да спомнам дека таа дел на целата сообраќања инфраструктура во државава каде спаѓа патната инфраструктура, воздушните коридори и секако дека требаше да се извлече некаква аналогија од аспект на патната инфраструктура каде постои Фонд за патишта кој ги одржува тие патишта, на некој начин ги обновува, врши поправка на тие патишта, обновува нови патишта во Републикава. По мое мислење требаше да постои едно јавно претпријатие што ќе го формира Владата на РМ а ќе се грижи за железничката инфраструктура од аспект на одржување, обновување и се што спаѓа во тој аспект. И, од аспект на нудење на таа инфраструктура на сите субјекти, правни и физички лица заинтересирани да ја користат таа инфраструктура во државата.

Спомнавме бројка од 625 км. користен колосек, со станиците некаде 925 км. Значи дека ќе се појави потреба и веќе се појавува потреба одредени правни и физички лица да ја користат таа инфраструктура. Значи утре ќе се случи одредени приватни фирми па би рекол и приватни лица имаат свои возни средства. Треба јасно да се дефинира начинот правно и комерцијално и технички, мада техничкиот дел е опфатен, како ќе се користи таа инфраструктура. Сметам дека искуството од користење на патната мрежа требаше да биде некаков пандан за решавање на работите и во железничката инфраструктура.

Во однос на финансирањето, очигледно дека, по мое мислење, во целиот закон тежиштето е дадено на решавање на финансирањето на овој дел на проблематиката во Македонија што, мора да се каже до сега не беше ниту дефинирана ниту јасна. Затоа нашите македонски железници беа долго време и веројатно ќе бидат долго време и со овој

закон во тешка финансиска ситуација што тешко ќе се одрази на целокупниот стопански живот во државава.

Предлагачот дал дека, односно предложил во законот дека железничката инфраструктура ќе се одржува од средства на Буџетот односно државата преку Буџетот ќе води сметка за одржување на железничката инфраструктура. Реков, возните средства и се што спаѓа во делот на тие возни средства не се никаде спомнати. Значи, тие се оставени некаде да висат во непознато, некој друг да се грижи за нив. Во случајов никој не е законски кажано на кој начин ќе се грижи за тие средства односно ќе ги обновува, ремонтира и става во употреба.

Кога се зборува за положба на вработените, овде, очигледно е правен обид да се направи некаква законска регулатива од аспект на постојните штрајкови што беа во оваа сфера во стопанството. Сметам дека само со еден член каде се дефинира правото на штрајк и како се дефинира и воопшто начинот на водеше на тој штрајк е сосема недоволен од аспект на положбата на вработените во МК.

Таа положба знаеме каква е, на која социјална категорија припаѓаат тие луѓе. Знаеме дека со месеци не примаат плати и тн. Меѓутоа, факт е дека требаше малку пошироко, кога се зборува за положбата на вработените да се даде акцент не само од аспект на правото на штрајк. Правото на штрајк е регулирано со други законски регулативи, така што сметам дека овде беше едно мало додатно оптоварување на текстот. Но, ако веќе се зафативме со тој проблем, тогаш требаше малку пошироко да се опфати во предлогот на законот.

Морам да кажам дека законот е доста оптоварен со технички недоречености. Поимите не се добро обработени. Поголем процент од законот е препишан од Законот за безбедноста или Законот за основите за безбедноста во железничкиот сообраќај, даден во "Службен весник

број 26/91 година. Голем дел во Законот се опфатени казните, односно на кој начин ќе се санкционираат одредени прекршоци во овој сообраќај.

Мое мислење е дека предлагачот прво требаше многу повеќе да се занимава со статусот на оваа проблематика, на МК, на железничката инфраструктура и дефинитивно да го постави на едно ниво и начин ги услови како тие треба да се користат и како најдобро треба да се користат во нашиов стопански систем, па и воопшто во државава. Со оглед на фактот дека како стратегиско место како држава имаме неопходност на решавање на еден ваков проблем во согласност со сите европски закони и нормативи што постојат во оваа проблематика.

Овде би завршил, не би сакал повеќе да зборувам околу текстот. Со оглед на тоа што имам голем број на амандмани би си земал право да продискутирам повеќе и околу тие амандмани.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството за сообраќај и врски, почитувани дами и господа пратеници,

Би сакал сосема кратко да кажам неколку мои забелешки во врска со овој закон.

Прво, мислам дека е многу добро што денеска, се надевам Собранието на РМ ќе го донесе овој закон затоа што се работи за многу важен закон што треба да постави услови за разрешување на многу проблеми во железничката инфраструктура.

Поаѓајќи од фактот дека покрај патната инфраструктура, железничката инфраструктура има стратешко значење за вкупниот раз-вој на Републиката, како своевиден крвоток во организацијата на Маке-

донското стопанство, многу е добро што работите се поставуваат така како што треба да бидат поставени и што со ова ќе се создаде правни предуслови да се реши правниот статус на Јавното претпријатие Македонски железници и што ќе се создадат услови за разрешување на многуте натрупани проблеми што се јавуваат, пред се, поради големата економска криза на РМ како резултат на што по осамостојувањето дојде до нагло односно многу смален обем на работа на МК. Како резултат на тоа страшно е лоша финансиската состојба во МК. Ако на тоа се до- даде и неисполнувањето на обврските на државата кон МК, може слободно да се констатира дека имавме неинвестирање во МК од осамостојувањето до денеска, поради што МК се наоѓаат односно железничката инфраструктура се наоѓа во една мошне лоша состојба на застареност и истрошеност, што, дури 65% од МК односно инфраструктурата се книговодствено отпишани. Тоа значи дека МК воопшто не се на потребното техничко ниво поради што е доведено во прашање безбедното одвивање на железничкиот сообраќај во РМ.

Поради тоа, само по себе се наметнува разрешувањето на ова прашање како неминовност за да се создадат соодветени услови не само за вкупната организациона поставеност и начинот на финансирањето на МК, туку и да се подобри односно реши статусот на вработените во МК кои се наоѓаат во исто така лоша состојба затоа што ја делат судбината на претпријатието во кое се нашле.

Се надевам дека овој закон ќе создаде добри предуслови со кои ќе може организационо да се средат МК во наредниот период и да се преземат соодветни мерки за поголеми вложувања на државата, пред се за извршување на капиталните ремонти и темелната реконструкција на добар дел од железничката инфраструктура во РМ.

Поради тие причини ќе го поддржам законот. Меѓутоа, сакам да кажам неколку забелешки што се многу важни. Дел се составен дел на амандманите што се дадени. По нив, веројатно ќе се води расправа или, ако се прифатени, нема потреба да се води расправа.

Меѓутоа, сакам посебно да потенцирам еден факт, многу важен, посебно од аспект на Декларацијата за развој на односите со ЕУ што ја донесовме на минатата седница на Собранието.

Ние, како Собрание на РМ во таа Декларација јавно се декларираме дека ќе донесуваме законска регулатива во нашата земја што ќе соодветствува на законската регулатива на земјите членки на ЕУ. Членот 131 од овој Закон е типичен пример дека отстапуваме од нашата декларативна заложба искажана пред неполна една недела, затоа што така како што е формулиран членот 131, дури и предлагачот се плашел и главата на насловот да ја каже така како што е прецизирана во Законот за јавните претпријатија. Веројатно, за да го избегне терминот штрајк во јавно претпријатие употребил погрешен наслов на Главата VI - Положба на вработените.

Би сакал да кажам дека ние, како пратеничка група, направивме контакти утринава со членови на Европскиот Парламент, затоа што претставници на министерството се повикуваат дека била консултирана законската регулатива, во што јас им верувам. Но, мислам дека за одредбите околу правата на штрајкување на вработените воопшто не се во право. Од тие консултации ни беше кажано дека вакви одредби како што се предвидени во нашиот член 131, посебно по предлог на генералниот директор во тој член да се стави обврска за задолжително пропуштање на по еден патнички воз на сите железнички релации во РМ, драстично се смалува правото на штрајк на вработените во едно јавно претпријатие, како што се МК. Се доведува до апсурд правото на штрајк во македонските железници.

Правото на штрајк е уставно загарантирано право и тоа може да се користи како метод за вршење на притисок за остварување на одредени права на вработените. Меѓутоа, со овие ограничувања вградени во членот 131 и посебно со додатокот што е допишан, мислам дека правото на штрајк веќе е хендикепирано. Се обезвреднува и нема да има никаква смисла штрајкувањето во јавното претпријатие македонски железници. Ова воопшто не соодветствува со регулативата во западно-европските држави.

Од тие причини ги молам претставниците на Министерството уште еднаш да обрнат внимание на членот 131 за да не биде изложена нашата земја на сериозни критики од ЕУ во врска со неприлагоденоста односно недемократичноста на нашата законска регулатива во согласност со прописите на ЕУ.

Инаку, законот го поддржувам и мислам дека е добро што денеска ќе го донесеме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Министерството за сообраќај,

Сигурно дека ова е закон за Јавно претпријатие Македонски железници, сигурно дека тоа што го кажуваа претставниците на Министерството за сообраќај и врски, го кажуваа она мислење дека овој закон ќе кореспондира со законите донесени во многу земји на ЕУ, по мое видување би значело еден ред во работата на МК.

Трите сегменти што ги тангира законот: статусот, финансирањето и положбата на вработените што се обработени во самиот закон, ќе треба да дадат еден белег, еден печат, затоа што знаеме дека Македонија располага со 625 км, со станичните некаде уште 200 и со индустрискиот дел уште 100, некаде до 1000 км, што во многу развиените европски земји секое метро на еден поголем град е многу поголемо и поорганизирано.

Кога станува збор за инфраструктурата, знаеме дека е застарена, знаеме дека реакцијата на граѓаните е таа што буквално не сакаат да влезат во македонските железници затоа што, прво, не се сигурни, брзината не е прилагодена, доцнат. И, ако овој закон значи да се стави ред во работењето, сигурно дека треба да се прилагоди и да се забрза комплетно трансформацијата на МК.

Ако до вчера викавме дека нема или има објективни и субјективни причини, сега можеме да кажеме дека одговорноста ќе ја земе државата. Државата ќе биде таа, односно Владата директно ќе биде одговорен виновник дали ќе живеат и функционираат МК во духот на она за што се залага, како многуте држави во ЕУ или пак ќе останеме на периферијата, да функционираат со многу недоречености во однос на финансирањето, во однос на работата и статусот на вработените луѓе.

Она што посебно треба да се спомне е финансирањето. Напомнато е дека финансирањето ќе биде од Буџетот, кредити, заеми, сопствени средства. Сигурно дека Владата треба директно да изготви програма во однос на реконструкција и обновување не само на инфраструктурата, туку и на возниот парк.

Посебно ги боде во очи и уши граѓаните на РМ, не слушнавме што со онаа нова, почната изградена пруга кон Бугарија? Најавуваме, ќе градиме паралелни пруги, едносмерни, двосмерни, се обврзуваме, меѓутоа ова останува само една чиста илузија, еден маркетинг пред граѓаните. Или сега ќе го актуализираме прашањето, доаѓа изборна година, можеби некои пет-шест пруги нови ќе градиме. Изгледа е рано. Атмосферата ќе се загрее до пред избори.

Но, она што посебно загрижува, и сигурно што нема да најде одобрување кај вработените тоа е членот 131, правото на штрајк кај вработените луѓе во МК. Сигурно дека ако овој закон е аплициран од

многуте закони од многу земји на ЕУ, сигурно дека овој член е вметна затоа што се ограничува правото на штрајк, го оптоварува законот, додатно го оптоварува со тоа што се губи правото на штрајк. Знаеме дека во Европа, сите претпријатија, јавни или државни имаат право на штрајк. Сите граѓани се еднакви пред законот, така што нема основ овој законодавен дом да го лимитира правото на штрајк на вработените.

Она што посебно треба да се напомне, тоа е, знаеме дека сигурно денеска ќе го усвоиме законот, ќе донесе ред во работата, околу безбедноста на сообраќајот, околу премините. Евидентно е дека секојдневно слушаме разно-разни несакани случки. Гинат многу луѓе недолжни, коли, штети.

Она што приоритетно треба да се направи во овој дел, со изгласување на законот, веројатно тоа ќе биде обврска на Министерството за сообраќај, да се задолжи јавното претпријатие да ги обезбеди оние премини што не се обезбедени. Знаеме дека секојдневно гинат недолжни луѓе. Она што беше толкување и укажување од Министерството за сообраќај дека обезбедувањето на премините па и во делот на градот Скопје и во внатрешноста стои во обврска на локалната самоуправа, мислам дека е парадоксално, затоа што знаеме дека еден модерен премин чини некаде од 2,5 до 4 милиони марки. Една електронска рампа е од 100 до 300 илјади долари. Така што , ако се земат овие бројки, ниту една локална самоуправа не може да ги издвои тие средства. Посебно при поминување на новите општини кои Буџетот им е некаде до 20 илјади германски марки, сигурно дека не можат да го снесат тоа јајце. Затоа, приоритет е задолжување на Министерството дека треба да се бараат средства од Владата и да се обезбедат. Сигурно дека овој закон е потребен и мора да се донесе за да се направи ред во работата.

Но, она што сакаат да го слушнат граѓаните, дали нашите возови, дали нашата железница ќе биде брза, ефикасна, дали ќе нема доцнење и дали ќе нема сигурност? Сигурно, ова се прашањата што ги интересира граѓаните. А ние, како законодавен дом мораме да го донесеме законот, да профункционира. По ова прашање треба посебно да се продискутира затоа што сега имаме кој да биде одговорен кривец. Сигурно, Владата на РМ. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Мислам дека денеска имаме еден многу значаен закон пред нас, а тоа е законот за Македонски железници.

Уште еднаш да кажам дека еден ваков закон поодамна беше потребно да биде донесен конечно да воспостави ред во железничкиот сообраќај во РМ. Иако долго време овој вид на сообраќај беше под сенка на другите видови на сообраќај.

Искуството од западните земји укажува дека и покрај сите напори да се развиваат и другите видови на сообраќај , железничкиот сообраќај и понатаму останува една од битните гранки, стопански гранки во секоја држава. Од тука, имајќи предвид дека РМ има претензии и тенденција конечно да стане центар на Балканот со тоа што низ РМ треба да се вкрстуваат две многу значајни пруги, тоа е пругата север-југ и другата пруга, т.н. коридор 8. Но, сигурно за да добиеме еден ваков приоритет, ние, како држава, како министерство треба претходно да се подготвиме. Еден вид подготовка е сигурно овој закон што го имаме денеска пред нас.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ :** (Продолжение)

И во комисиите и во печатот е многу јасно дека денеска јавното претпријатие се соочува со огромни проблеми, материјално- финансиски проблеми и денеска со овој закон ние ќе правиме максимум да им се обезбедат и други видови на финансии и кои те како ќе бидат потребни за развивање на овој вид на сообраќај.

Она што сакам да кажам во оваа прилика е тоа дека дефинитивно, треба ние денеска како парламент да им дадеме поддршка на ресорното министерство, па и на другите субјекти кои и те како влијаат конечно да се сфатиме за тоа што е приоритет, ние добиваме странски инвестиции за изградба на таканаречениот осми коридор и подигаше на нивото за сообраќај во другите постојни уредби нио конечно да станеме она што е цел, за поминување на стока и капитал. Но мојата забелешка и таму и додека е дека ние недоволно обрнуваме внимание, за една многу битна работа, а тоа е безбедноста на сообраќајот. Јас сум длабоко уверен дека овој критериум ќе мора да го исполни  нема порано или подоцна, затоа што другите кои мора да оценуваат што значи безбеден сообраќај во Републиката, на крајот и ќе го кажат своето. Ние секојдневно сме сведоци на разно разни материјални штети кои ни се прават поради небезбедноста на сообраќајот и секогаш сето тоа го оправдуваме со недостаток на средства. На Комисијата ни беше укажано дека се работи на некоја Програма врз основ ана што ќе бидат и лоцирани приоритетите на таквите загрозени места кои во приоритет ќе бидат решени. Но од искуството да Ви кажам, од мојот терен од кај што доаѓам зборува дека тие и таквите програми со го- дини се работат, но состојбата не се менува. На едно обично барање да се постави една обична рамка , образложението е дека нема пари а тоа не чини повеќе од 50 илјади марки. Кога се знае дека на еден премин граничен годишно најмалку се случуваат три сообраќајни незгоди, дека има огромни

материјални штети, а да не зборуваме и за животите на луѓето. Мислам дека конечно ќе треба ние развојот на Република Македонија да го планираме, но не по цена на животот на обичниот граѓанин, не по цена на другите материјални штети. Во тој поглед јас би барал делот од членовите од законот од член22 до член 25 кој го уредуваат тој дел на заштита да се направи напор да се допрецизираат со тоа што се зема обврска дека законска обврска за тие железнички премини да бидат обезбедени. Еве да земеме пример железничкиот пат од Горче Петров до Тетово тотално е без никаква заштита.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Влада,

Ако се сеќавате пред неколку месеци јас овде поставив пратеничко прашаше до каде е стигнато со обработување на конечниот текст на законот за македонските железници бидејќи тогаш се констатира дека тие се наоѓаат во доста тешка економска положба и очекуваат со овој закон разрешување на нивните проблеми.

Повеќе од сто години железничкиот сообраќај претставува најзначаен вид сообраќај во нашата држава. Меѓутоа, а се чини дека денеска таа се наоѓа во најтешка финансиска ситуација и состојба од нејзиното постоење. Ние денеска имаме, како што пишува во образложението 669 километри вистинска железничка должина и според мене, освен тоа што е направено електрификација на делницата од Табановце до Гевгелија и освен што е подобрена нејзината техничка карактеристика, ништо друго по значајно во македонските железници се нема случено. Стои во самото образложение дека инфраструктурата е застарена

и истрошена. Во минатите шест години се трудиме да ја изградиме пругата од Скопје односно Куманово до Крива Паланка и до Бугарската граница, но до ден денеска е без некој значаен напредок во истата. Од друга страна Бугарија не прави ништо од нејзина страна, затоа што чека дали ние навистина ќе го изградиме нашиот дел кој што е многу поголем, а нејзиниот е помал и доколку успееме да го изградиме, тие брзо ќе го изградат својот дел. Оваа пруга мислам дека има повеќе стратегиско значење за Македонија и не треба ние да се откажеме од нејзино доизградување.

Секаде во светот , па и во најсовремените железници, како што се германската, француската и јапонската , железниците работат со загуби. Според мои сознанија само јапонската железница работи со загуба од околу 200 милијарди долари годишно. Се разбира, во такви случаи најголемиот дел од тие загуби ја покрива државата. Во последно време во Јапонија голем дел од државната железница се приватизира. Особено на оној дел на железницата кој што е низ градовите. Ние како држава преку овој закон го регулираме статусот на македонските железници, прогласувајќи ја како дејност од јавен интерес, а инфраструктурата и возните средства , како сопственост на Република Македонија. Со законот се регулира и финансирањето на изградбата на инфраструктурата, како и безбедноста во сообраќајот.

Понатаму, согласно Законот за јавните претпријатија и овој закон, државата ќе треба да преземе, иако фиктивно дел од нејзиниот вишок, доколку го има при работењето , но тоа значи дел од загубите кои што се реално даваат на македонската железница, бидејќи сите сме свесни дека

не постојат економски услови за нејзино рентабилно и профитабилно работење и функционирање. Големо внимание денеска овде предизвика правото на штрајк. Законот не го забранува правото на штрајк, како што не го забранува ни правото за штрајк кај сите други јавни претпријатија. Но бидејќи македонските железници се дејност, како што реков од јавен интерес и тој интерес мора да биде заштитен , мора да биде заштитено населението. Ние не можеме да дозволиме населението да остане без нафта, без одредена стока која што треба да се транспортира да пропадне и така натаму, се разбира тоа не го сакаат ни луѓето кој што работат во железницата. Но ете тој штрајк треба согласно овој закон и Законот за штрајк да биде регулиран онака како доликува, односно како што е регулирано со законот. Така што не е точно дека луѓето кои работат во македонски- те железници ќе немаат право на штрајк. Тоа впрочем е така и во си- те развиени држави со многу подолга демократска традиција и таму се знае државниот службеник и сите службеници и работници кои што работат до јавните претпријатија се државни службеници и тие имаат право на штрајк, не како другите граѓани, но сепак согласно закони- те на таа држава.

На крајот, мислам дека имаме едно квалитетно решение на законот и го поддржувам овој закон и ќе гласам за истиот.

**МЕВЈБАН ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Министерството за сообраќај и врски,

Ова е еден од тие закони кои што сметам дека ќе добие апсолутна поддршка од страна на пратениците во Собранието и кои што мислам дека многу малку може да трпи забелешки , односно забелешките кои се

даваат не се од таква природа да ја рушат самата концепција на законот и соодветно на тоа не изискуваат некои поголеми интервенции на истиот. Доколку забелешките кои беа изнесувани се од суштинска природа сметам дека досега би се интервенирало и со соодветни амандмани кои што би имало место и да се разгледаат и по нив Собранието да се изјасни.

Што се однесува до самиот закон, законот бидејќи е како што се гледа од самото образложение тоа што е дадено на крајот на Предлогот на законот е подготвен после една сеопфатна анализа за состојбите во консултации со релевантни фактори од Европската унија и една од водечките земји во Европската унија, Германија, која што сметам и нормите кои се содржани во законот се такви , кои што содејствуваат на тоа што се бара од страна на Европската унија како стандарди, како норми за одвивање на железничкиот сообраќај. Но за жал , мора да се обрне внимание на фактот кој што е истакнат и во законот, односно во образложението дека условите во кои се одвива железничкиот сообраќај како технички-технолошки така инфраструктурата, која што е застарена и истрошена, бараат еден голем ангажман од државата, од Владата, и од Парламентот, а се разбира и од страна на јавното претпријатие кое што се конституира со овој закон до определениот рок кој што во самиот закон се обележува како проекција во која што предлагачот се надева дека ќе се направат потребните зафати за да се подобрат состојбите и истиот да дојде во согласност со тоа што е намера на овој закон, односно

да имаме железница која што и по однос на нормите и по однос на одвивање на сообраќајот и по однос на самата инфраструктура и објекти и опремата на железницата ќе може да одговори на потребите и барањата кои што се поставени на ниво на Европската унија, односно на ниво на Европа.

Во овој поглед, обрнувам внимание дека самиот закон налага големи зафати од страна на Владата, по однос на подобрување на инфраструктурата и на опремата во железницата, што соодветно на тоа ќе бара големо ангажираше на финансиски средства за заживување , односно за спроведуваше на овој закон. Се разбира, ниту во овој закон ниту во други закони не може да се даваат согледувања за тоа колку точно средства ќе бидат ангажирани и потребни за оваа потреба , но самиот закон кој што се гледа дека е и амбициозен несомнено дека ќе изискува, големи напори од страна на државата и Владата за ангажирање на соодветни средства да се задоволат нормите кои ќе бидат поставени со истиот. Јас се надевам дека Владата при усвојување на ваков концепт на законот водела сметка и за овој сегмент од овој закон, мислам на финансирањето и дека ќе вложи соодветни напори да му се овозможи на министерството и на јавното претпријатие да ги исполнат обврските кои што произлегуваат од овој закон, а кои што до 2005 -та година, мислам дека не е преамбициозно , сметам дека е реален рок , би требало да се завршат сите овие зафати, за да се исполнат нормите и критериумите од овој закон. Но и јас се согласувам со повеќе дискутанти кои што посебно внимание обрнаа на безбедносните аспекти од законот и од одвивањето на железничкиот сообраќај кој што во моментот тоа се гледа , од страна на предлагачот е дадена јасна слика за тоа дека состојбите во поглед на безбедноста на

сообраќајот во сегашниот момент се исклучително неповолни и мислам дека ова прашање треба да биде еден од приоритетите за што Министерството треба да се зафати и да ги надмине несоодветните услови во кои се одвива овој исклучително важен сообраќај, јас би рекол, и од стратешка важност за државата.

Со двата амандмана кои се предложени од страна на Комисијата на предлог на јавното претпријатие, јас мислам дека законот заслужува да биде поддржан од нас како пратеници и истиот да биде и понатаму објект на наше следење по однос на тоа како ќе се одвиваат работите во однос на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот

претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 став 2 член 15 став 1 точка 2, член 20 став 3, член 58 став 3, член 92 став 2, член 102 став 3, член 115 став 2, член 123 став 1 точка 3, за менување на насловот во глава 6, положба на вработените, член 131 став 2, член 143 став 1 точка 1 и точка 15, член 144 став 1 точка 1 и за менување на точка 3 и на член 148 точка 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандман на член 131 став 1 за додавање нова алинеја 5 по алинејата 4 за додавање нов став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

III/8.-

Пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими, Хисни Шакири и Зекир Кадриу поднесоа амандман на насловот на целиот текст на Предлогот на законот за менување на зборовите: "Македонски железници", со зборовите " железници на Македонија", односно со скратена форма со иницијалите "ЖМ". И на член 11 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандман за менување на глава 6, положба на вработените после член 130, член 135 став 4 и за менуваше на членот 150 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандман на член 2 став 2, член 3 став 1 за додавање нов член 3-а, член 4 точка 9, член 4 точка 35, член 4 точка 40 , член 4 точка 43, член 4 точка 46, член 6 за менување на член 10 , член 15 став 1 точка 1, член 15 став 1 точка 2 , член 15 став 1 за менување на точка 6, член 15 став 1 за точка 7, член 15 став 1 за додавање нова точка 9 по точка 8,член 15 став 2 за менување на член 30, за менување на член 53, член 67 за менување на став 2, член 74 за менување на став 2, член 77, член 78 за менување на член 127 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на член 4 точка 40 и на член 29 став 1 и 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 37 став 1 и на член 39 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот и на целиот текст на Предлог законот за заменување на зборовите: "Македонски железници

со зборовите: "железници на Македонија", односно во скратена форма со иницијалите "ЖМ", поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими, Хисни Шакири и Зекир Кадриу.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска ние се одлучивме за еден заеднички амандман за точно 64 членови од 154 колку што ги има воопшто овој законски предлог односно само 90 вклучувајќи ги и другите амандмани не останаа недопрени. Ни се повторуваат некои законски проекти на ист начин, со исти тенденции, а ние на ист начин со иста намера, но добра намена интервенираме и нашиот глас не го даваме, со такви грешки не се согласуваме.

Што значи тоа? Сето истото кое се повторува од другите законски проекти на ист начин ние сме одлучни во тоа и од научна гледна точка објективно земено ние сме потполно во право и од правен аспект и од лингвистички односно јазичен аспект.

Во овој закон може да има и други интервенции како и многу други такви и слични имаат еден конгломерат на проблеми повредуваат многу работи, многу правни институции, но на многу невешт дритански лош начин, а ќе видите и самите преку амандмани дека во овој закон има и такви грешки со кои ние одлучивме и може да заклучиме слободно дека се пренесени не само од странски закони, туку од нешто поблиску и скоро се едно лошо копие.

Па, во овој контекст не сакаат други амандмани затоа што во железницата работата, како што беше тука речено, е катастрофална во секој поглед. Ние мораме да побараме дури да се изгради железница за која веќе не знам колку години има и да се продолжи до Кичево према Охрид, Струга, Подградец, Кафасан, Пешкопеа итн. Меѓутоа, тука работите ни се многу лоши, а знаете колку нашето стопанство губи, а сакаме

во Европа да одиме, на север е малку потешко, бараме запад, а запад ни е точно во тој правец. И, тука има голема грешка.

Може да има дури и еден амандман најмалку за тој распоред кој се прави веќе секоја година околу мај месец, на 27, како што е случајот, на пример некое време станицата ние велиме Лаѓе, Лапи Дол за 8 села кои се тотално изолирани со околу 6-7 илјади жители како што е Грешница, Колибари, Трапчи Дол, Лапи Дол, Бачиште, Речани итн. Меѓутоа иако има реакција од граѓаните и тоа го бараат да се направи да не одат до Кичево односно за Зајас кое што чини многу и тоа не го направивме, туку тоа ќе биде на еден друг начин, знаеме каков ќе биде исходот.

Затоа најодлучни сме и во другите закони како што беа законите за радио-телевизија односно последниот за радиодифузија, ние викаме на Македонија, вие македонска, и во овој случај, а знаете дека беше времето и како четири наши амандмани поминаа иако се знае како заврши таа точка, не се направи ништо, значи да не повторувам во други прилики. Бараме да адјективот што е македонско да се замени со Македонија односно со генитивот на Македонија, затоа што и понатаму Албанците во прв ред се многу чувствителни за таа работа, од лингвистичка гледна точка тоа не стои и тоа не ни одговара. Нека се направи една измена во сите други закони, па да бидеме храбри кога веќе Владата тоа го нема, како пратеници, тоа да се среди еднаш за секогаш затоа што Македонците ништо не губат, а Албанците и другите национални колективитети кои немаат придавка пред именката губат и те како. Се надевам дека во оваа прилика ќе најдеме разбирање и ќе се гласа и за овој закон и за другите кои беа веќе тука предложени и усвоени порано.

Во спротивно нашиот глас и за овој закон го немате.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање,

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, амандманот има за цел со посебен закон се регулира на кој начин сите правни и физички лица кои поседуваат или ќе поседуваат возни средства ќе се вклучат, односно ќе ја користат железничката инфраструктура.

Со овој закон како што стои во текстот не мислиме на кој начин правно и комерцијално, па ако сакате и технички тие возни средства од правни физички лица ќе се приклучат во инфраструктурата. Затоа сметав дека со посебен закон таа проблематика ќе треба да се регулира

односно да се даде на кој начин прецизно и јасно ќе може да се користи и таа инфраструктура од правните и физичките лица.

Затоа сметам дека овој амандман треба да се изгласа. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Оваа интервенција е направена со цел да членот 3 биде во согласност 127. Ако во членот 3 стои дека инфраструктурата и возните средства се сопственост на РМ, тогаш навистина не е јасно во членот 127 кога се зборува за финансирањето зошто се испуштени возните средства и кој ќе се грижи за нив. Тие прашања се во колизија. Затоа целта на тој амандман е да се дообјасни тоа. Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Новиот амандман ја дефинира сопственоста на возните средства од аспект на давање на услуга на Македонските железници и оста-натите корисници. Па, вели вака: "возните средства припаѓаат на Македонските железници под услови и начин на користење што ќе се утврдат со посебен договор помеѓу државата, Македонските железници и останатите корисници". На овој начин се дефинира статусот на возните средства, тоа значи кој има ингеренции да ги одржува, да ги ремонтира кој има ингеренции да ги обновува, да собира средства преку амортизација, кредити итн.

IV/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 9 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Во членот 4 точките 8 и 9 имаат потполно идентичен текст. Точката 8 објаснува или сака да објасни што претставува проблемот Железничка станица, а во точка 9 се објаснува поимот крстосница. Јас не знам дали може исти текст да биде за два поима, тоа ми е нејасно, затоа сметам дека треба дел од точката 9 да се избрише, а тоа е текстот како и "натовар и истовар на стока" бидејќи на крстосница тоа не може да се прави. Тоа е апсурд. Не може на крстосница во град Скопје да се растоварува роба.

IV/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 35 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Можеби ќе бидам малку повеќе упорен, меѓутоа јас не добив никакво објаснуваше од Владата зошто некои амандмани не се прифатени. Тоа беше коректно иако не обврзно, но бар е пожелно да се даде објаснение зошто не се прифаќаат некои амандмани што се евидентни.

Овој амандман третира технички поим, а тоа е членот 4 точка- та 35 каде што дефинира а најголема дозволена брзина на пругата. Овде кажува најголема дозволена брзина на возот е пропишана на железничката пруга или на дел од пругата според техничката состојба на пругата и железничките возила и други услови.

Ве молам, дали можеме ние да донесеме воз кој се движи и има максимална брзина од 300 километри на час и да го ставиме на нашите пруги и према таа брзина од 300 км на час да ги рачунаме другите технички услови на движење на тој воз. Секогаш се рачуна према патот

конкретно према пругата. И тој поим најголема дозволена брзина на пругата е евидентен и јасен дека према него се одредува со која максимална брзиана ќе се движи возот. Не може да се движи 300 км на час кога пругите имаат дозволена брзина некаде 60 км.,некаде 90 км. Мислам дека тоа е апсурд.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да му одговорам на пратеникот дека напротив брзината на возот се определуваат спрема техничките карактеристики на пругата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 40 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 4 0 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 43 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 46 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

IV/10 . -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен до пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Очекував овој амандман да се прифати, меѓутоа целта на амандманот беше да се објасни што е основана дејност на Македонските железници бидејќи во истиот тој член во последната алинеја се спомнува дејноста на Македонските железници. Тоа значи дека кога би го читал некој текстот или членот и би ја прочитал последната алинеја, вели вака "вршат и други активности што се во функција на основната дејност". Која е таа основна дејност. Тоа треба да се објасни. Амандманот на почетокот јасно дава на знаење дека основна дејност на Македонските железници е превоз на патници и стоки и на база на тоа практично следи последната алинеја

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

IV/11.-

Одговор на ова прашаше е содржан во член 2 каде што е дадена дејноста и другите ангажирања на Македонските железници, на Јавното претпријатие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Во членот 2 став 1 е спомнато дека железничкиот сообраќај изградбата, реконструкцијата, ремонтот и заштита на железничката инфраструктура како дејност ги врши јавното претпријатие Македонски железници, понатаму во текстот Македонски железници. А во ставот 2 е дадено како и на кој начин се користат тие правни физички лица, таа инфраструктура. Меѓутоа, нигде не е кажано за основната дејност. Ако заменик министерот мисли дека е доволно да се каже Јавно претпријатие и со тоа е се кажано кон основната дејност мислам дека не е во ред. Треба сепак да се каже овде што е тоа основна дејност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот за менување на член 10 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Бранко Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

IV/12.-

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Целта на овој амандман беше прво да направи јазична корекција затоа што многу често се употребува склопот на реченица "така што, да" што треба да се елиминира, тоа прво не е лекторски, а би рекол и во духот на јазикот.

Втората интервенција беше да се додаде на утврдената превоз- на и пропусна моќ потребна превозна и пропусна моќ на железничката пруга со цел да се дообјасни поимот. И тоа беше целта на интервенцијата.

И посебно да се каже во став 2 што е она што овде е кажано заедно во еден став за железнички пруги кои служат за меѓународен сообраќај што мора да исполнуваат према договорите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 и 3, поднесен од пратениците: Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими, Хисни Шакири и Зеќир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Зошто не го прифаќа амандманот, кога овој амандман нема никаква врска ни со албанците, ни со мојата партија, ни со мојата парламентарна група, ни со мене. Се работи за демократијата, се работи за надлежноста, се работи за тоа кој орган ќе одлучи за една не мала работа за добивање одобрение за изградба, реконструкција на железничката инфраструктура, а во членот 11 став 1 стои дека одобрение треба да даваат министерствата и тоа едното одобрение, вториот согласност како што се Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната околина, а претходно треба да добие согласност од Министерството за сообраќај и врски. Значи, Буџетот треба да го одобри Собранието. Владата, односно соодветното министерството треба да даде одобрение за еден така голем износ за кој ќе сносни и одговорност. Тоа е прво.

V/2.-

Второ, во ставот 3 бараме, што нема врска сепак со тоа што го изјавив, значи наместо министерот да биде малку по авторитативно, тие законски акти наместо министерот да ги донесе надлежното министерство за овие работи на кои се однесува. За мене е исто, тоа оди во корист на Собранието, значи на сите вас тука, на мнозинството да се прифати овој амандман. Комплекси немам, интерес немам, тоа ви го оставам на вас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, точка 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, точка 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

V/3.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 за менување на точка 6 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Овој амандман имаше за цел во точка 6 да придонесе на места каде што на железнички станици ваквата димензија не е запазена да не се инсистира стриконо на димензии од 4,75 метри, кое растојание на колосеците на железничка станица, туку најмалку да се каже е толку, а сигурно дека во пракса во димензија 4,75 метри еве, и да се соберат сите железнички станици во Македонија не верувам дека нема таква станица со таква димензија. Со овој член што ќе се случи, бидејќи не е прифатен мојот амандман? Сите железнички станици кои немаат таква димензија

повторно треба да вложуваат средства и да дојдат со таа димензија. Овде стриктно е кажано, значи дополнителни трошоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 точка 7, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој Амандман Владата не го прифаќа.

V/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Овој амамана има за цел во духот на онаа дискусија што претходно ја водевме, ми се чини и г-динот Сулејмани спомна, се работи за заштита на железничките пруги во меѓународниот сообраќај, па и сите магистрални пруги и има задача со изградба на заштитни мрежи или јас би го прочитал членот 9, кој вели вака: "Новоизградените железнички магистрални пруги мораат да бидат прописно оградени со заштитна ограда." На овој начин ќе спречиме голем дел од несреќите кои се случуваа, се случуваа и порано и ќе се случуваат ако не се оградат тие магистрални пруги, голем дел од населението, добиток итн да страда, а воедно страда и самиот воз како превозно средство. Затоа предложив да биде економски оправдано да не се однесува на сите досегашни изградени пруги, туку на новоизградените магистрални пруги прописно да се заштитат со заштитна мрежа. Тоа го имаме и кај магистралните патни правци кои што ги имаме во нашата држава. Сметам дека овој амандман треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

15 пратеници гласаа за.

V/6.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 29, став 1 и 2, поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 30, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор .г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

V/7.-

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Со овој амандман сакав да придонесам сите ремонти кои ќе се прават во перспектива и можеби и денес се прават по пругите да се постигне такво техничко ниво според Европските стандарди кои постојат во Европа со кои ќе се овозможи тој ремонт да биде на повисоко квалитетно ниво и да одговара на стандардите кои постојат во Европа за ваков вид на сообраќај. Овде е кажано во членот дека се бара да одговорат на стандардите и прописите според кои е проектирана таа пруга. Меѓутоа, многу пруги се проектирани многу одамна, изградени се многу одамна и практично тој ремонт има за цел да придонесе тие пруги да одговараат по стандард и норми на Европските пруги, практично на сообраќајот или фреквенцијата на сообраќајот која постои во Европа. Целта беше да придонесе на тој начин квалитетот да биде на повисоко ниво на тие ремонти што се работат и ќе се работат во перспектива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 1 и на член 39, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

V/8.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овие два амандмани Владата ги прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 53, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Соколовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Соколовски има збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Со овој амандман целта е да се постигне некоја економска заштеда или ефект, а тоа значи дека колите со кои се обележуваат според предложениот член од страна на Влада, кажано е дека сите коли и возови кои се во домашен меѓународен сообраќаа мора да се обележат со соодветни табли.

Предлогот на амандманот или мојот предлог беше во домашниот превоз тоа да не се прави, туку да се прави само за колите и возовите кои се за меѓународен сообраќај.

Зошто?

Затоа што поставувањето на тие табли кои секако чинат пари во многу случаи во пракса за жал брзо ги вадат патниците, да кажеме при локалниот сообраќај и таквиот трошок на повторно поставување и задолжително поставување во домашниот сообраќај мислам дека економски ќе ги оптовари македонските железници и останатите корисници на овој сообраќај при таква тешка економска ситуација во која се наоѓаат во моментот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

V/10.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Соколовски има збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Со овој амандман целта беше да се дообјасни ставот 2 во членот 74 и на некој начин да биде по прифатлив од аспект на јасноста и дефинираноста. Предлагам наместо став 2 во членот 74 да стои став 2: "Во Железничкиот сообраќај максималната брзина на движење на возот мора да се приспособи кон најголемата дозволена брзина на определена железничка пруга и на дел од пругата и истата во никој случај не смее да се пречекори. Овој текст што е даден во член 74 во став 2 навистина е доста конфузен, би рекол и нејасен и целта беше да се дообјасни попрецизно и да биде појасен ставот 2.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 77, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

V/11.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Соколовски има збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Целта на овој амандман беше зборот "екипаж" да се замени со соодветен македонски збор, кој е во духот на македонскиот јазик. Зборот Екипаж доаѓа од зборот "Л'екип", тоа е француски збор, кој се употребува претежно можеби во воздухопловството, иако ми се чини и таму треба да се измени ако веќе правиме закон кој треба да одговори на нашите амбиенти и услови во нашата држава и предлог беше место екипаж да биде зборот "возен персонал". Зошто не се прифаќа,не ми е јасно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа нека кажат лингвистите при јазичната редакција.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 78, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Влада не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Пак се работи можеби за интервенција од лекторски карактер, но бидејќи по професија не сум лектор, но сепак сметам дека ова што е овде напишано се зборови кои не треба да стојат во членот 78, предложив тие зборови да се бришат и да се додадат други зборови, па сметам лекторите тоа да го дообјаснат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Останувате на амандманот?

Го повлекува амандманот г-дин Соколовски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 127? поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Сметам дека овој амандман беше од побитните амандмани што ги дадов денес, а има цел да објасни, односно да прецизира кој ќе ги одржува, ремонтира и кој ќе набавува возни средства и со која програма. Амандманот практично значи поделба на ингеренциите од аспект на финансирањето и одржувањето, значи од една страна ја дефинира инфраструктурата која припаѓа односно ќе се финансира од делот на Буџетот на РМ од средствата за амортизација и кредитите од македонски железници, а од друга страна возните средства бидејќи не се ставени во член 127 со овој амандман сакав да најдат свое место, односно да се каже тие бидејќи припаѓаат во стечајот на Македонски железници, она што беше претходен амандман во членот 3-а што го предложив, јавното претпријатие Македонски железници и останатите корисници да учествуваат во нивното одржување, обновување и ремонт. Но, во овој случај нема разбирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на глава VI, положба на вработените, после членот 130, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, со оглед дека истиот амандман е прифатен од ЗПК, така да мислам дека и со ова поглавје ќе се согласи пратеникот Аце Коцевски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Коцевски не е тука и не знам дали го повлекува амандманов

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот Отворам претрес по амандманот на член 135 став 4 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 150 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

VI/2.-

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот. Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи Никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Процедурално забелешка има г-динот Владимир Соколовски, да каже дали ќе гласа и како ќе гласа.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада. Ја користам оваа прилика, пред гласањето, од името на пратеничката група на ЛДП и од свое лично име да им се заблагодари на претставниците на Владата и на заменикот министер што од презентираните 23 амандмани прифатени се 9, што значи дека и опозицијата може да даде добри предлози и добри амандмани. Мислам дека во ваков дух треба да продолжиме и натаму, во однос на соработката итн.

Сега да кажам дека пратеничката група на ЛДП ќе гласа за овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предложениот закон, ве молам да крене рака? (67)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

VI/3.-

Констатирам дека Собранието го донесе законот за македонски железници.

Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување закон за изменување на законот за избирачкиот список и за избирачката легитимација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Има збор г-динот Горги Спасов министер за правда.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани г-да пратеници.

Законот за избирачкиот список и за избирачката легитимација од страна на Собранието на РМ, беше донесен на 13 септември 1996 година

Со примената на овој закон, а посебно со делот на заштитата на личните податоци, се покажа како нецелисходна одредбата каде што беше утврдена дека личните податоци во единствениот избирачки список се строго доверливи. Имено, со ваквата регулатива интересот на учесниците во изборите, да им бидат доставени избирачките списоци, не можеше да биде задоволен, поради што се пристапи кон измена на истиот.

Сега пред вас се наоѓа предлогот за изменување на законот за избирачкиот список и за избирачката легитимација, со Предлог на закон.

Со предложената измена во членот 38 од Законот односно со бришење на зборовите "строго доверливи", се симнува степенот на доверливоста на податоците во избирачкиот список. Со ова се отвора можност во наредниот период да се задоволат барањата, избирачките списоци да бидат достапни до учесниците во изборите, доколку за тоа пројават интерес. Исто така со ваквиот пристап се овозможува заинтересираните да направат дополнителна проверка на податоците за избирачите и со своите мислења и забелешки да придонесат за подобрување на квалитетот на податоците во единствениот избирачки

список, но и обврската за чување и користење на овие податоци во согласност со законот кој е предмет на измена и законот за заштита на личните податоци. Сметаме дека со ваквиот пристап ќе се избегне и степенот на недоверба од страна на некои учесници во изборите во однос на евидентирањето на избирачкото право на граѓаните. Цениме дека со ова се прави чекор напред во демократизацијата на односите во РМ, и приближување кон земјите кои имаат повеќегодишна традиција во развојот на демократските права, а се во функција на фер и демократски избори.

Ве повикувам денес да гласате за овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дали некој друг бара з бор?

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Прашањето на увид во избирачките списоци е мошне важно за одржување на фер и демократски избори и воопшто регулативата поврзана со изборите е мошне важна, особено сега во пресрет на наредните парламентарни избори. Ова е особено важно затоа што е неопходно, што беше наспоменато дека е нужно да се отстрани секакво сомневање на сите учесници во изборите, на сите нивоа, без оглед на тоа дали се работи за локални, парламентарни или други избори.

Избирачките списоци според мое лично видување треба да бидат доставени до политичките партии и тоа на сите нивоа односно треба да биде доставен извод или фотокопија од општиот избирачки список кој би содржел, колку вкупно има избирачи, односно колку од овие избирачи се во странство, колку се во АРМ. Понатаму избирачки список на ниво на

изборна единица, се разбира зависно од Законот за избор на пратеници и Законот за избор на единици, под услов да постојат повеќе изборни единици односно под услов да биде прифатен таков модел каде што ќе егзистира повеќе од една изборна единица, како и изводите на секое избирачко место.

Овој закон се покажа нужен бидејќи, покрај тоа што постоеја одредени толкувања дека членот 3 од постојниот закон каде што е кажано дека избирачкиот список е јавна исправа, постоеше толкување дали е јавна или тајна односно дали може да биде доставен до учесниците на изборите.

Со овој закон, како што кажа министерот, се дава можност за доставување на изводите од избирачките списоци на политичките партии. Јас се надевам дека ова ќе биде прецизирано со амандманот кој е поднесе од група пратеници од ЈВДП каде што оваа можност на некој начин ќе биде преформулирана во обврска за надлежниот орган, а тоа е сега надлежниот орган за општа управа кој се наоѓа во рамките на министерството за правда односно Министерството за правда да ги достави овие фотокопии кои треба да бидат оверени до политичките партии и со што ќе биде отстранета односно до прецизирано оваа одредба од Законот и со што воглавно би се постигнале оние барања односно онаа дискусија која беше водена околу овие избори.

Се разбира за спроведување целосно на овој закон, потребно е не само негово усвојување туку и реализација на законот, со тоа што во амандманот, само уште би нагласил, иако е сега општа расправа, меѓутоа тоа е доста битно, а тоа е дека средствата кои ќе бидат потрошени односно трошоците кои ќе бидат направени при изготвување на овие заверени фотокопии би ги поднесувал оној кој ги бара од односно

независните кандидати и независните листи, политичките партии и други учесници на разни видови на избори, а со тоа што во амандманот е предвидено оние кои ќе бидат избрани, значи кандидати на политички партии, независни кандидати или претставници на независни листи, во тој случај по завршување на изборите е предвидена обврска тие средства да им бидат вратени односно рефундирани, при што не се пред- видени во амандманот одредени рокови. Меѓутоа, се смета тоа аналогно на законот за избор на пратеници и другите закони односно тоа ќе биде сторено веднаш, бидејќи тие средства фактички не би се трошеле, би стоеле на една посебна сметка и не би имало никаква пречка з а нивното враќање.

Ова беа, почитувани пратеници, накратко моите видувања по овој

закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за избирачкиот список и за избирачката легити- мациј а.

КОј е за молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека з заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој Против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој)

Пратениците Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Зоран Шапуриќ, Слободан Најдовски, Кире Видимче, Илија Каров, Димитрија Поповски, Владимир Станковски Владимир Соколовски, Николина Трајановска и Наум Симјановски поднесоа амандман за менување на член 1 и истиот е повлечен

Пратениците 3 оран Шапуриќ, Слободан Даневски, Љупчо Мешков, Владимир Станковски, Владимир Соколовски и Николина Трајановска поднесоа амандман од член 1 за додавање три нови става по ставот 1, по кој Владата не сползнела.

Отворам претрес по амандманот.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Овој амандман внесува квалитетно подобрување на законот за избирачки списоци и избирачка легитимација затоа што во него се прецизира, пред се, кој ги добива избирачките списоци, на кој начин ги добива и под кои услови. Не сакам да го читам познат ви е, затоа што првиот став на членот 38 односно сега вториот став гласи: "на регистрираните политички партии и на независните кандидати над-

лежниот орган по нивно писмено бараше им дава заверена копија на потврдениот или претходно подготвен извод од единствениот избирачки список, извод од единствениот избирачки список за сите изборни единици и извод од единствениот избирачки список за секое избирачко место во кои се содржани податоци од член 17 став 2 од овој закон, за потреби- те при учество на избори^ На тој начин практично се овозможува сите да го добијат по основ на писмено барање, заверени фотокопии од избирачките списоци, што сметам дека ќе ја смали можноста од било каква манипулација.

Вториот став гласи дека трошоците за изработка на фотокопиите од единствениот избирачки список ги сносат подносителите на барањата , што ја спречува манипулацијата, секој на државна сметка на некој начин поднесува некакви барања и ги добива, независно од тоа дали има сериозни намери да учествува во изборите и да има сериозни намери, на крајот на краиштата да добијат од тие избори, со тоа што ги заштитуваме, сепак, сериозните учесници во политичките избори, со последниот став кој вели: "Средствата дадени по овој основ ќе им бидат вратени на избраните независни кандидати и на политичките партии чии кандидати се избрани".во предлагањето на овој амандман навистина сакам да ја поздравам успешната соработка на Владата и на опозицијата во парламентот и сметам дека со ова ќе се добие квалитетно подобрување на текстот на законот.

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка забелешка има г-динот Никола Г.Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Господин претседателе, г-да пратеници, г-да министер.

Мојата деловничка забелешка да ја користам да укажам на еден факт во врска со поднесениот амандман од група пратеници туку што беше прифатен. Со оглед дека амандманот го добивме неколку минути пред да се прифати од страна на министерот не бевме во можност на амандманот да доставиме сопствени под амандмани, а со оглед на тоа што беше прифатен од страна на министерот, и со оглед на тоа што сега беше прифатен,

сакам да изнесам усмена забелешка на еден збор од амандманот, со молба претставникот на Владата и поднесувачите на амандманот, да раз- мислат и евентуално да го прифатат во следната насока:

Во ставот 1 и во ставот 2 на амандманот кој сега се прифати се вели дека на барање на политичките партии и независни кандидати, органот по нивно писмено барање им дава заверени фотокопии и понатаму по избирачки списоци. Со оглед на тоа што сите знаеме како се изработуваат списоците, дека со тоа компјутерски изводи и дека зборот фото- копие, мислам дека престрого го одредува надлежниот државен орган дека мора фотокопии да даде, мислам дека е сосема несоодветно, затоа што фотокопијата може да биде проблематична. Затоа предлагам наместо им дава заверени фоткопии, место фотокопии да кажеме им дава за- верен примерок. Тоа е сосема различно од фотокопија и мислам многу ја олеснува работата и не ги става ниту партиите ниту независните кандидати и државните органи во една незавидна ситуација да се држат за еден строго одреден збор. Сепак компјутерскиот извор не значи фотокопии туку значи примерок. Затоа им предлагам на предлагачите и на господинот Спасов, зборовите фотокопии и во првиот и во вториот став да ги замениме со зборот примерок, затоа што тоа е посоодветна. Заверена фотокопија подразбира заверено, меѓутоа, подразбира фотокопија од избирачки список за кој знаеме како изгледа и што значи фотокопија. Примерок е сепак нешто подруго од фотокопија и мислам дека од технички аспект ќе ја олесни работата. затоа предлагам тоа да се стави и барам , согласно деловникот, со оглед на тоа што амандманот ни беше поделен две три минути пред да се изјаснат предлагачите и претставникот на Владата.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас го користам моето деловничко право да објаснам некои работи.

Се работи за материјали кои компјутерски се обработуваат. Тоа значи дека секој примерок од списоци или од извор е оригинал. Значи тука нема фотокопии, нема копии. Сакам да кажам, ако може да се помогне, не го познавам деловникот како треба да настапиме, меѓутоа ние треба да кажеме дека секој примерок заверен. Значи нема фотокопии, нема копии. Секој лист е оригинал бидејќи се става на компјутерски систем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро. Деловникот овозможува да ги исправиме сите деловнички грешки.

Еве во име на предлагачите г-дине Станковски ја прифати оваа модификација, во името на Владата г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Намерата на Министерството за правда беше и е навистина да дава фотокопии, затоа што единствениот избирачки список кој што ќе биде подготвен во просториите на Републичкиот завод за статистика ќе се фотокопира врз основа на писмени барања кои што ќе ги достават секој независен кандидат, или секоја политичка партија. Реално практично нема да се пушта одново на самиот компјутер и да вади примерок од компјутерот, туку ќе се фотокопира од оној кој што еднаш веќе е заведен. И затоа нашата идеја да не дојде до некакви манипулации со избирачките списоци секој лист кој што ќе му биде даден од страна на органот надлежен за водење на овој список во овој случај Републичкиот завод за статистика и Министерството за правда, ќе има практично печат на Министерството за правда и ќе биде гаранција дека всушност на тој лист не можеле да се уфрлуваат нови имиња и нови броеви во меѓувреме со пренесувањето на тие податоци на некој друг вид дискета. Оттаму сметавме дека е поточно да стои заверена фотокопија, затоа што таква ни беше намерата и таква е идејата. На тој начин, всушност секој учесник во изборите да ги добие заверени листови за кои што може да гарантира Министерството за правда дека се направени во нашиот орган. Меѓутоа, ако сметате дека е сосема доволно да таквите изби- рачки списоци бидат заверени само на крајот од нивниот реден број и да остане поимот примерок, Владата може да го прифати и ова ако вие сте согласни така да остане. Меѓутоа, сметам и ако остане заверена фотокопија дека самата суштина на добивањето на избирачките списоци нема да се промени, туку напротив ќе ни овозможи да го направиме она за што мислам дека и претходно се договаравме и со претставниците на политичката опозиција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Важно е, политичката партија да добие копија, дали ќе биде фото, или компјутерски, копија е.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за избирачкиот список и за избирачката легитимација.

Минуваме на точката 4 Предлог на одлука за зачленување на Република Македонија во Eurocontrol Европската организација за безбедност на воздухопловната навигација.

(со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени. Отворам општ претрес.

Согласно член 121 од Уставот на Република Македонија Одлука за стапување во членство во меѓународни организации Собранието донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за менување на точка 2 и за бришење на точка 3 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани за менување на точка 2 и за бришење на точка 3 со иста содржина со амандманите поднесени од Законодавно-правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 121 од Уставот на Република Македонија, Одлука за стапување во членство во Меѓународни организации, Собранието донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 48 пратеници.

Предлагам пауза до 15 часот.

(по паузата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве потсетувам уште еднаш дека согласно член 121 од Уставот на Република Македонија, Одлука за стапување во членство на Меѓународни организации Собранието донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за зачленување на Република Македонија во Eurocntrol, Европската организација за безбедност на Воздухопловната навигација.

Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за ратификација на протоколот кој се однесува на амандманот на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство,(член 83, bis) , со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (член 83, bis)

Кој е за, молам да крене рака? (66 патеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за,,молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (член 83, bis).

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на членот 56 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на членот 56 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на членот 56 од Конвенцијата за. меѓународно цивилно воздухопловство.

VII/7

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на Конвенцијата- за меѓународно цивилно воздухопловство (член 3 ,bis), со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (член 3 bis)

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (68 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против?(1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот аза ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (член 3, bis)

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската влада и Албанската влада за одржување обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на Македонско-Албанската државна граница, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? Има збор Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

(Пратеникот зборува на албански јазик)

(Пратениците реагираат)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, ве молам...

Ја прекинувам седницата и дополнително ќе бидете известени кога ќе продолжиме со работа.

Ве молам, господинот Рамадани има збор, па ќе се договориме како ќе работиме.

Господинот Рамадани почна да зборува на албански јазик.

Ве молам, бидејќи треба да има превод, јас давам пауза од 15 минути да се обезбеди превод и тој да зборува на албански јазик.

Ве молам, пауза од 15 минути да се обезбеди превод.

VIII/1. - НН/МЈ1

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам да се повика претставникот на Владата по оваа точка. Ве молам, сакам нешто да ве информирам, бидејќи ми кажаа на средба кај претседателот Глигоров, јас сум таму на средба, па во меѓувреме ме информираа.

Нас овде не ни е прв пат во Собранието, се договоривме како ќе работиме уште на почетокот на мандатот на ова Собрание. Не е спорно дека прашањето околу употребата на јазикот од говорницата на македонскиот Парламент е уредено со Уставот. Како пратеници рековме дека ќе ги прецизираме поблиску условите откако ќе се донесе новиот деловник. До тогаш е неспорно и нема потреба тоа да се толкува. Не знам зошто се доаѓа до инциденти да се прекинува работата на Собранието за прашања кои што на сите ни се јасни како се уредени.

Ве молам немојте сами да го рушиме принципот што како Собрание го усвоивме на почетокот на мандатот на ова Собрание.

Овде прекинат е господинот Сали Рамадани во својата дискусија, ако сака да продолжи може да продолжи, но во рамките на она што е пропишано со Уставот на Република Македонија. Повелете господине Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овде вечерва би можел да продолжам и понатаму на албански и никој ништо ми не може...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ви можам....

Само што толкувањето на Уставот и Деловникот, членот 5, 69, 60 ,61 ние баравме да се стави на дневен ред, меѓутоа не беше прифатен нашиот предлог. И ние према Деловникот со кој работи ова Собрание и према член 7 став 2 и 3 од Уставот ние албанците и другите припадници на другите националности во Македонија имаат потполно право да зборуваат како прво на албански јазик, на свој мајчин јазик. Меѓутоа, јас еден пат укажав на тоа и беше прекината седницата. Апстинирав шест месеци. Втор пат и на албански и на македонски беше прекината и веќе не би сакал јас веќе по трет пат на албански јазик во овој Парламент, додека треба само уште двајца други, не треба 19 пратеници, многу се албанци 19, уште двајца други или на албански јазик се зборува во Парламентот, на мајчин јазик, или ниедна седница од 19 ноември 1994 година не можеше да се одржува. Меѓутоа, бидејќи тоа го немаме, тоа се одлагаше и денеска, а сум мислел неколку пати само не злонамерно против господинот Џеладин Мурати кого го признаваат дека е потпретседател на Собранието на Република Македонија, легитимен е тој и жал ни е што не е претседател иако сме во други различити партии. Тоа е прво.

Второ, затоа денеска нема смисла другари...

(Реагирање на пратениците).

Чекај бе, не сум завршил јас, дигресија мала, не сум завршил...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам на темата.

САЛИ РАМАДАНИ:

Меѓутоа, само една реченица, ќе продолжам со дискусијата по овој закон.

Значи ако малку имаме етничко во себе да сте вие на нашето место, македонец со македонец да збори на било кој туѓ јазик смисла нема навистина. И не за некој инат, само нема смисла кога претседава албанец, затоа што прво него му се обраќам и него му е тешко исто така, затоа убаво направи и тој, ја прекина седницата и му дојде претседавачот на Собранието, како помошник ништо нема тука дилема. Да продолжам сега, па за тоа ќе видиме друг пат.

Денеска вака ќе направиме. Само една мала реченица во превод, една изрека на албански јазик верно.

(Зборува на албански).

Тоа има врска со расправата моја, не со зборувањата и јазикот.

Е сега, како ретко кога треба да водиме расправа денеска и за ратификација на спогодби овој пат и по се изгледа за прв пат потпишани со Република Албанија. И воопшто речено во овој законодавен дом ретко кога се води расправа за меѓународни конвенции, односно меѓудржавни договори, спогодби и тоа и тогаш кога е многу важно и неопходно потребно. Тоа покажува и докажува дека овој состав на овој Парламент, како што е речено неколку пати по- рано, работи формалистички, односно работи лошо. А јас посебно не сакам да дискутирам за некоја точка која се наоѓа на дневен ред, за секоја точка посебна од едноставни и оправдани причини што не сакам да се девалвирам, да бидам колку толку барем за мнозинството внатре монотон, инаку кога има на дневен ред некој пат точките се точки, да работеше како што треба, деструктивно објективно добро паметно, ќе треба да се води расправа

за секоја точка па дури и за секој член и член по член да се разговара за сите проекти кои се предлагаат во овој Парламент. За жал тука не е така затоа што овој Парламент е не само еднодомен, него едноумен, еднопартиски фактички Формално како да е плуралистички, меѓутоа во тој случај ова не е за жал. Секоја држава, а тоа значи и нашата, нашава нагласувам, треба да соработува со другите држави а во прв ред со соседниве. Во секој поглед во секоја сфера а посебно со Република Албанија со која има и нешто поголеми причини. Не само што е близу и имаме толку значајна должина на границата, туку на цела должина на двете страни живеат скоро исклучително албанци, а во продолжение посебно во Западна, Северозападна и Југозападна Македонија со векови живеат етничките албанци како најголема популација и како трета од шесте држави на Балканот каде е присутна исклучувајќи ја Република Турција, која е најдискутабилна, како извидник. Еве сега веќе почна и првата серија на потпишувања и ратификации на спогодби и со Република Албанија.

Со оваа држава Република Македонија доцни многу со вакви ратификации. Ваквите, сличните и другите спогодби требаше да се потпишуваат и ратификуваат уште пред неколку години. Меѓутоа, од претпоставени но и неоправдани причини тоа досега не е направено и некој за тоа ќе сноси најмалку некоја морална одговорност. И еве денеска пред нас се наоѓа Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу, како повторно погрешно стои македонската Влада и албанската Влада за одржување, обновувања и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница, со Предлог-закон.

Меѓутоа, дали овој проблем треба да се регулира во оваа фаза, во ова време а посебно од овие привремени влади, може да биде не само дискутабилно, туку и игнорантско и невозможно. Тоа е многу погрешно и историски катастрофално за двете страни, за двете влади кои ја потпишаа, а сега веќе и за двата легислативни домови кои можат да ги ратификуваат а тоа ќе има и тешки и долготрајни последици и за народите на двете страни. Значи, без комплекси кога се работи и за Албанија иако сум албанец и тоа добар албанец, тоа го знаете.

Зошто? Затоа што освен другото позади оваа спогодба на двете страни во овој момент стои апсолутното мнозинство на парламентарци. Тоа е точно и потполно членови на привремени влади без мандат, односно без легитимитет, т.е. сите и легитимни. Да. Тоа е точно објективно, реално се согласува некој со ова или не, тоа не е важно. Зошто? Па затоа накратко се знае.

Цела јавност во Република Македонија и пошироко знае какви беа нерегуларни парламентарните избори во 1994 година. Прво со Македонија да почнеме. Во прв ред мојата дефакто и де јуре само непризната партија за демократски просперитет подоцна од 18.04.1995 година албанците беше хендикепирана како незаконски игнорирана и од 32 кандидати за пратеници за време на првиот круг доби само 4 пратеници наместо сите, т.е. најмалку 19 нив. Какво што беше и такво какво што е расположението на апсолутното мнозинство на севкупното изборно тело на албанците во Република Македонија.

Од друга страна од двете најважни партии на македонците само едната, првата имаше токму 14 кандидати за пратеници со третман која во вториот круг сосема нормално ќе имаше најмалку уште толку и ќе добиваше повторно најмалку тројца пратеници....

(Реагирање на пратениците од место).

Ве молам да завршам. Како што и самите тие партии изјавиле неколку пати изборите беа најфлагрантно фалсификувани. Тоа се знае, па поради овие причини...

(Реагирање на пратениците од место).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да ги иритирате ве молам господине Рамадани. Дајте на темата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Поради овие причини се одлучија на бојкотирање. Подоцна изгледа осетија дека се измамени и меѓусебно и после се покааја. Понатаму, после распаѓањето на Сојузот за Македонија било тоа и формално, сите 94 пратеници останаа без мандат бидејќи не се знае кој за кого гласал. Према тоа откако, тоа е мое мислење, нелегитимен Парламент, произлезе нелегитимна Влада, како што вели и македонската опозиција која предлага...

(Реагирање на пратениците од место).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам. Целта е да ве изнервира, да ве изиритира.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Која предлага законски проекти кои се донесуваат нелегитимно и дефакто и де јуре немаат никаква релевантност и како такви се вештачки и неможат да се применуваат во практичниот живот и новиот по се плуралистички состав на Парламентот ќе ги дерогира, односно ќе ги измени од корен. Поради овие и низа други причини оваа привремена Влада и овој привремен Парламент на Република Македонија нема

надлежност да донесува било какви закони, во конкретниот случај закон за ратификација на спогодби.

Од друга страна ако сакаме да бидеме непристрасни, т.е. објективни до крај треба исто или слично да се каже и за другата страна, т.е. и за Република Албанија.

Имено, и другата потписничка, т.е. Владата на Република Албанија како и нејзиниот Парламент исто така немаат прав легитимитет...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па немојте ве молам. Господине Сали Рамадани немате право да навредувате туѓа држава од говорница овде. Ве молам, или на темата или напуштете ја говорницата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Нема да напуштам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе ја напуштите говорницата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не, не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Или на темата говорете или напуштете ја говорницата.

(Реагирање на пратениците од место).

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Затоа што слични сте и вие и тие. Значи на пратеникот му се скратува расправата, уставното загарантирано право да го кажам моето, а вие повелете на говорница. Тоа е мое мислење, нека не биде така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Сали Рамадани или говорите на темата или напуштете ја говорницата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не, не, да напуштам нема. Не ви одговара, не? Тоа е друга работа.

Ќе завршам, затоа што после немирите, насилствата, сега нема врска со вас, со Македонија, има врска со мојот народ, со Албанија...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте за друга држава...

(Реагирање на пратениците од место).

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Убиствата, теророт, масовното бегање...

Ќе ми дозволите? (Му се обраќа на господинот Тито Петковски)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам приврвшете ја дискусијата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Што се збиваше цела година во Албанија. Под тие вонредни околности, тоа цел свет го знае беа одржани парламентарните избори кои немаат никаква врска со демократијата...

VIII/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама немојте така ве молам. Немаме право ние тоа да го правиме. Господине Сали Рамадани...

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тоа го знае целиот свет, тоа го знае и нашата јавност во Македонија. Ве молам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам ајде завршете ја дискусијата.

(Во знак на протест пратениците на ЛДП како и од други партии почнаа да ја напуштаат салата, а останатиот дел да реагираат со чукање на клупите).

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Под таков притисок и под туѓо влијание и под апсурдни манипулации и на туѓи струи и агентури произлезе и апсолутното мнозинство на Парламентот на Албанија.

(За цело време додека господинот Сали Рамадани говори на висок тон, присутните пратеници во салата чукаат на клупите).

Додека од него и таква Влада на Албанија, која исто така нема легитимност за составување за ратификација на спогодби.

Поради овие причини донесувањето на овие споредни законски предлози треба да се одлагаат. Тоа е мое мислење. Донесува законски предлози, а треба да стои донесува тогаш кога двете страни, тоа не е далеку ќе добиваат парламент и легитимни влади што со Република Македонија ќе биде случај само за неколку месеци. Стрепете се. Да не зборуваме за други недостатоци кои ги имаат овие спогодби, посебно

текстот, еве ќе одам конкретно наводно на албански јазик и наводно дека е составен од страна на Владата на Република Македонија. Тука е стручна работа сега. Тој текст, иако потпишан во Тирана е составен оригинално на македонски јазик. Тоа е моето мислење. Додека е преведен многу, многу лошо на албански јазик со полно нелогичности, граматички грешки и секако од неалбанец било тоа да е Грк, Влав или Македонец. Додека е ова точно и необичниот познавател на работите и околностите може да примети без поголеми потешкотии кога ќе погледа малку повнимателно самиот текст на сите овие три спогодби, посебно верзијата наводно на албански јазик која е наметната на мајсторски начин од првата, супериорната страна на другата, инфериорната и само рамнодушната како да се работи за туѓи странски и непријателски интереси. Чудно. Затоа предлагам донесувањето на овој закон за ратификација на оваа спогодба, како и на другите две кои следуваат, за да не излегувам три пати за иста или слична работа да се одлага, додека јас ќе гласам доследно и безкомпромисно,гордо, недвоумено против донесувањето на овие закони за ратификација на овие спогодби.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас морам да се оградам и во ваше име од дисквалификациите и навредите изречени од г-дин Сали Рамадани за сметка на една демократска држава. Владата, изборот на Владата, на пратениците си е работа на граѓаните на Република Албанија.

(пратеникот Сали Рамадани се враќа на говорница) Ве молам, седнете си на место. Ве молам! Ве молам !!

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Зошто тој, тоа е недемократски ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам, седнете си на свое место.

(џагор во салата)

Ве молам

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ве молам, да се повикаат пратениците, кои во знак на протест од дискусијата на г-дин Сали Рамадани ја напуштија салата.

(пратеници влегуваат во салата)

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на Македонско-Албанската државна граница.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака ?

( 64 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Кој се воздржува од гласање, ве молам? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот

претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи имаме амандман а немаме претставник на Владата ние неможеме да гласаме без претставникот на Владата по овој закон.

Дури да дојде претставникот на Владата предлагам да продолжиме со другите точки.

Во меѓувреме ќе работиме имаме простор, претпоставувам дека претставникот на Владата ќе дојде.

Минуваме на точката 14-Предлог за избор на судија поротник во Основниот суд во Кичево.

Предлогот на Основниот суд Кичево за избор и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија поротник во Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? ( 63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Славчо Коцески е избран за судија поротник во Основниот суд во Кичево.

Минуваме на точката 15- Предлог за разрешување на судија поротник во Основниот суд во Крива Паланка.

Предлогот на Основниот суд во Крива Паланка ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија поротник во Основниот суд во Крива Паланкаго ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? ( 62 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Бојан Митов е разрешен од функцијата судија поротник во Основниот суд во Крива Паланка по негово барање.

Минуваме на точката 16- Предлог за автентично толкување на членот 43 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Предлогот за автентичното толкување ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентичното толкување .

Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на автентичното толкување го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе автентичното толкување на член 43 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Минуваме на точката 17- Барање за давање автентично толкување на член 5 од Законот за локални избори, поднесено од Советот на општина Кисела Вода .

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 5 од Законот за локални избори поднесено од Советот на општина Кисела Вода не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. Овој Заклучок, заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Советот на општина Кисела Вода.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? ( 62 пратеници )

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 18-Барање за автентично толкување на член 39, 40 точка 1 и на членот 30 точка 1 и 41 став 1 од Законот за јавни претпријатија и членовите 43 точка 1 и 57 став 1 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Прилеп.

Барањето, извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

1. Собранието на РМ констатира дека барањето за давање автентично толкување на членовите 39, 40 точка 1 и 41 став 1 од Законот за јавни претпријатија "Службен весник на РМ" број 38/96 и членовите 43 точка 1 и 57 став 1 од Законот за локална самоуправа "Службен весник на РМ" број 52/95 поднесено од Советот на општина не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овие членови од причините содржани во извештајот ЗПК на Собранието на РМ

2. Овој Заклучок, заедно со извештајот на ЗПК на Собранието да се достави до Советот на општина Прилеп.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? ( 62 пратеници )

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на точката 19-Барање за давање автентично толкување на член 15 став 1 од Законот за тутун поднесен од АД Струмица таба - Струмица.

Ве известувам дека подносителот во меѓувреме го повлече барањето за давање автентично толкување.

Минуваме на точката 20- Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Советот за статистика на РМ.

Предлогот на одлуката и новиот текст на Предлогот на одлуката ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака?

(66 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување претседател и членови на Советот на статистика на РМ.

Минуваме на точката 21 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Скопје - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Тахири процедурално.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Бидејќи јас и господинот Ризван Сулејмани како членови на Комисијата за избори и именувања на последната седница кога се утврдувала Одлуката за именување на членови во Здравствената организација Здравствен дом Скопје - Скопје не бевме во можност да учествуваме во работата на Комисијата, ве замолувам да имате разбирање за ова наше отсуство и да ја одложите оваа точка за наредната седница и со тоа да ни дадете можност уште еднаш да ја преиспитаме одлуката односно да видиме дали има можност да се предложи некој друг член.

Благодарам, до колку се има разбирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Џаферовски претседател на Комисијата за избори и именувања кои што се предлагачи на одлуката.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Прво, сакам да укажам на членовите на Комисијата за избори и именување дека има потреба да бидат поредовни и да присуствуваат на седниците на Комисијата да не би доаѓале до вакви состој би.

Инаку, прифаќам да се симне од дневен ред оваа точка заради дополнително усогласување.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, за наредната седница да се предложи оваа точка на дневен ред.

Минуваме на точката 22 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за здравствена заштита Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака?

(64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за здравствена заштита Скопје.

Минуваме на точката 23 - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Здравствен дом Кратово од Кратово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака?

(65 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Кратово од Кратово.

Минуваме на точката 24 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Македонски Брод.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Џаферовски има збор.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Заради потребата од дополнително усогласување на листата за членови на Управниот одбор и оваа точка се повлекува од оваа седница за наредната.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам,

Минуваме на точката 25- Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација здравствен дом од Ресен.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Ресен.

Минуваме на точката 26-Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар од Битола.

Предлогот на одлуката и новиот текст на предлогот на одлуката ви се поделени.

Молам кој бара збор? (никој) Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Медицински центар од Битола.

Минуваме на точката 27- Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Радовиш.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој) Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Радовиш.

Минуваме на точката 28 - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството.

Предлогот на одлуката ви е поделен. Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именвуање претставници на Републиката во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството.

Минуваме на точката 29- Предлог на одлука за огласување избор на судија во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен. Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија во Основниот суд Скопје I Скопје.

Х/1 .- РД/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Известен сум дека министерот за надворешни работи ќе дојде за неколку минути. Според тоа да го причекаме, бидејќи со другите точки завршивме.

Пауза од 10 минути.

По паузата да Ве потсетам се навраќаме за ратификацијата на спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на членовите 1,2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членовите 1,2 и 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Ви благодарам за утврдената потреба за донесување на Законот за Спогодбата, која што покажува дека на најдобар начин е проценето од какво значење е потпишувањето и Ратификацијата на оваа Спогодба, заради тоа што ова е прва Спогодба од ваков вид што Република Македонија ја потпишува со било која од соседните држави, со која што се уредува едно исклучително важно прашање, а тоа е прашањето на одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската меѓудржавна граница. Вие знаете дека како пратеници дека во повеќе наврати во оваа говорница се поставувани пратенички прашања зошто во изминатиот период Република Македонија

сеуште ги нема променето ознаките на граничните одбележувања и на граничните камења на меѓудржавните граници со сите наши соседи. проблемот е во тоа што тоа одбележување на граничните ознаки на границите со другите држави може да се реализира само ако се има потпишано и ратификувано една ваква спогодба , со која што двете држави ги преземаат обврските и за одбележување и аз одржување и за означување на граничните камења со учество по 50% од вкупните трошоци. Според тоа, оваа Спогодба е прва таква спогодба која што в" овозможи барем на една од границите на Република Македонија со соседите да извршиме соодветна промена на ознаките, ставајќи ја ознаката РМ, така како што е во согласност со нашиот Устав.

Со оглед на тоа што во текот на подготовките на Спогодбата е промината целата процедура, усогласување на текстот на Спогодбата на експертско ниво на Скопје и Тирана утврдување на содржината на Спогодбата од владите на Република Албанија и на Република Македонија и со оглед на тоа што Спогодбата доби поддршка од телата на собранијата, амандманот Владата на Република Македонија не го прифаќа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва би додал една друга работа заради вистината што ако се знае нашите сили какви се и нашите односи, поради вистината потенцирам, ако имам почитување било према кој министер од оваа Влада , навистина го одвојувам посебно го почитуван министерот Благоја Ханџиски. Таков е мојот впечаток, тој навистина е џентлмен министер и му доликува. Меѓутоа, за жал вечерва има тежок испит кога сме на два различни фронта , кога конфронтираме и можеби прв пат да не се согласуваме. Да беше присутен и за време на моето излагање, не знам

дали имал можност да следи, сигурно бил зафатен ќе беше по- добро, нормално да се знае во целиот контекст, зошто јас ги негирам овие спогодби, што можеби изгледа и чудно, апсурдно , зошто вака, но јас имам и свој аспект, имам свое гледање, свое видување, па ако случајно се согласува тој прво како министер , не велам таканаречен министер како за некои други, туку министер и Вие ако имате трпение барем сега ако не следел може да го сфати дословно . Можам и да му го повторам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете ги прикаските, Ве молам, за амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Меѓутоа знам дека тој нема да се произнесе. Тоа што е речено во краткото образложение треба да се додаде и тоа на кратко и тоа само за овој амандман ако може да се споредува, тоа ќе важи и за другите амандмани, за другите две спогодби, затоа на ист начин интервенирам и на ист начин ги негирам. Тоа што е речено во мојата дискусија, значи во фазата на предлогот за донесуваше на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија, граничните ознаки на македонско-албанската државна граница на соодветен начин важи и како образложение за овој амандман , со кој интервенираме на заеднички начин , т.е. наместо со три посебни члена, односно за сите нив токму колку ги има овој Предлог закон. Значи предлагаме да не се ратификува оваа спогодба и преку овој амандман. Со овој амандман

понатаму интервенираме и во членот 2 на овој Предлог закон од причини што ако се ратификува оваа Спогодба, како и двете следни , да остане како документ дека при една сестрана научно-правна, од една страна, лингвистичко-граматичка анализа, не само содржината, суштината на текстот е всушност слаба, туку и преводот што не е тешко да се констатира е многу слаб со полно логички граматички грешки да не кажам и на многу лаички начин, не само од формална гледна точка е невкусно, не убаво, туку повеќе пати неразбирливо, чуден, апсурден и сомнителен во секој поглед, а како таков текстот ќе има потешкотии за применување и несакани последици за двете страни. На крајот, сосема е нормално овој Предлог закон не треба да влегува во сила , значи членот 3 некогаш сум кажал, а случајно ако ова се збива тогаш нема да има долг век и ќе се одрекува, односно измени во иднина од корен од новите легитимни влади. Вие на крајот знаете дека во Тетово само еден пратеник од ова Собрание не беше присутен кога дојде така како што е претседателот на Албанската Влада Фатос Нанос , Вија Пангалос, а јас не го познавам ни амбасадорот на Албанија. Значи јас сум се договорил со демократите Сали Бериша и јас сум доследен на нивна страна и барам да дојде уште подемократска Влада дури од Сали Бериша.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Мислам дека мојата интервенција потпаѓа под реплика одошто кон нешто друго, но во секој случај, иако Вие како претседател на

X/5.-

Собранието се оградивте при еден ваков сличен испад, по однос на квалификации кои што се даваат за Владата и за избраното Собрание во една соседна држава, се работи за Република Албанија, сепак мислам дека не е на одмет и јас во име на нашата пратеничка група и во име на албанците кои што исто така живеат во Република Македонија и кои што ја почитуваат волјата на албанскиот народ во Република Македонија да изберат своја Влада по своја волја и истите мислам дека не би требало на тој начин да се дисквалификуваат и со така погрдни зборови да се однесуваме кон странски државници, поготово кога се работи за албанци кои што на нас албанците кои што живееме во Република Македонија односите ни се од сосема поинаков карактер. Затоа јас лично се оградувам од името на нашата пратеничка група.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Седнете си на место г-дине Рамадани. Ова не е реплика.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако ова не е реплика, тогаш што е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Амандманот е мој и јас го бранам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата, Ве молам. Не држете. политички предавања.

Кој е за амандманот , молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

X/6.-

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за мерките за спречување и решавање на инцидентите на македонско-албанската државна граница со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за мерките за спречување и решавање на инцидентите на македонско-албанската државна граница.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

62 пратеника.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Кој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

(62 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес, отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на членовите 1, 2 и 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, 2 и 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, амандманот всушност значи да се издејствува состојба во која што нема да се прифати законот за ратификација

на Спогодбата, а тоа значи оневозможување да стапи во сила самата Спогодба.

Пратеникот Сали Рамадани , наведува три причини за поднесување на амандманот. Јас ќе тргнам од последната према првата причина. Последната причина е идентична, како што е тоа наведено во сите три амандмани дека се работи за јазик кој е неразбирлив, кој што има граматички грешки и така натаму, дека се работи за лош превод и за тоа сакам да кажам дека двата текста на спогодби не се изработувани по принцип на подготовка на еден текст на македонски, па превод на албански или подготовка на текст на албански, па превод на македонски, туку содржината на спогодбите е изготвена на албански и на македонски јазик. И да додадам и тоа дека во согласност со процедурата по усвојувањето на законот, сите закони што овдека ќе бидат усвоени си одат на лекторирање. Према тоа, ако има некои граматички грешки на такво начин нив ги исправаме во сите закони кои ги усвојува Собранието.

Втората причина е дека е апсурден текстот на Спогодбата. Ако погледнете која проблематика ја регулира спогодбата , тогаш не можам да најдам ни една причина за прогласување на апсурдноста на текстот на Спогодбата. Прво заради тоа што напорите на албанската Влада да ги стабилизира состојбите во Република Албанија, да воспостави добрососедски односи, да фати чекор со интеграционите процеси со европските и евроатланските интеграции и да даде свој придонес во трансформација на регионот, во регион на мир, стабилност, безбедност и соработка, се позитивно оценети од целата меѓународна заедница. Во таква ситуација, отворањето на билатерална соработка со Република Македонија на сите полиња е од исклучително значење и посебно соработката на економски план. Оваа Спогодба создава услови за да може поинтензивно од двете страни на границата, посебно меѓу

претставниците на двете економии да се остваруваат контактите да се продлабочува соработката на стопански план, затоа се укинуваат визите за носителите на службените документи и она што е најбитно, дали може за апсурден да се прогласи текстот на Спогодбата со кој што се овозможува намалување на таксите на граѓаните од двете страни за плаќање на визите само на 5 долари кои што е минимален износ утврден со меѓународната пракса за плаќање на такви такси, за да може да се овозможи поголема циркулација на граѓаните од двете страни на границата. Првата причина не би можел во Парламентот да ја коментирам, затоа што не сум пратеник, како што бев во првиот состав, меѓутоа, навистина е недопустливо да се коментира легитимното право на граѓаните на Република Албанија, или заради тоа што овдека се однесува и за легитимноста на Македонската Влада и на овој Парламент кој што треба да го донесе законот, легитимното право да ги бира своите претставници во највисокиот законодавен дом и тие да бираат влади кои што ќе раководат со државата. Значи нема никаква причина Владата да го прифати амандманот, кој што како што реков значи не донесување на законот и затоа Владата не го прифаќа амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Излегов само за едно кратко објаснување, односно дообјаснување, бидејќи овие спогодби, како што Ви е познато, овие закони по три члена ги негирам, јас не сум се впуштил воопшто во самата содржина на Спогодбата, затоа што не ме интересира. Ако се впуштев во такво излагање, тогаш ќе најдеме и добри работи, добри точки. Ако сакате во проценти да се сфатиме правилно, точно, објективно 25% би се согласиле дека нешто има. Само за жал тука не се гласа со проценти. Затоа и за овој амандман, како и за следната Спогодба да се измени тоа

што може да се измени важи и моето излагање и моето образложение по претходниот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за мерките за спречување и решавање на инцидентите на македонско-албанската државна граница.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за укинување на визите за дипломатски и службени патни исправи и висината на таксите за издавање на други видови визи, со Предлог на закон.

Х/11.-

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван г-дин министер, по повод оваа Спогодба сакам да кажам како вовед неколку збора. Ние сме сите свесни дека односите помеѓу Република Македонија и Република Албанија се во фаза кога се развиваат во насока која сите ја посакуваме. Тоа се односи кои резултираат и со фактот дека еве денеска ратификуваме неколку спогодби и со фактот што очекуваме од Собранието уште 8 спогодби. Значи 10 спогодби кои се потпишани и кои се од ист ваков карактер да ги уредат билатералните односи на начин кој го посакуваме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Можеме да изразиме и жалење по оваа прилика, односно можам да изразам жалење дека спогодбата која веројатно ќе беше круна на оваа серија на спогодби во врска со слободната трговска размена, ако така е насловот, со Албанија не се потпишат, и покрај тоа што нашата страна ја понуди и мислам дека ќе отвореше еден процес на поширока комуникација на нашата држава од овој тип, отколку со државите кои произлегоа од поранешна СФРЈ.

Имајќи го предвид ваквиот тренд на настанот и развојот на настаните во врска со билатералните односи меѓу Македонија и Албанија, би сакал да укажам на следното.

Овој закон, кој во суштина е единствен од овие што ги ратификуваме кој не е во смисла дека ги олеснува односите меѓу двете држави, односно ги олеснува во смисла на досегашните, меѓутоа, сеуште е во некаква рестриктивна насока, мислам дека е еден од примерите за кои треба да дадеме едно јавно изнесено мислење и една јавно изнесена порака дека, како и со најголем дел од другите соседи, Република Македонија и со Албанија нема потреба да има визен режим, исклучувајќи ги дипломатските и службените патни исправи, кои веројатно се помалку од еден промил од вкупните патни исправи кои се на располагање во двете држави. Чувствувам потреба да кажам дека наша должност е да направиме се со Република Албанија да воведеме режим на поминување на граничната линија на граничните премини без никакви визи за сите граѓани на двете држави, дека тоа ќе ја олесни соработката меѓу двете држави. Особено што и со ваквата состојба двете држави не потпишуваат некои ригорозен режим за издавање на визи, туку го формализираме на граничните премини на двете страни исто како во дипломатските претставништва, само се одолговлекува процедурата,

едноставно се наметнуваат и финансиски давачки во висина од 5-10 долари или повеќе, зависно од типот на визата кој се бара, кој мислам дека не е во насока на она ниво и темпо на развој на односите кои двете држави го практикуваат во последно време, особено во последната година.

Затоа, апелирам и до Владата на Република Македонија што побрзо да излезе со предлог до Албанската Влада за целосно укинување на визите меѓу двете држави и за укинување на таксите за преминување на граничните премини на граѓаните од двете држави, со што полесно ќе се оспособат двете за подобри билатерални односи, а впрочем, само да потсетам дека ние на претходната седница расправавме за некои надворешно-политички цели на нашата држава кои се исто така и цели на Република Албанија и едноставно барајќи да се придружиме на некое пософистицирано или понапредно општество во Западна Европа, нормално е дека прво треба со своите соседи минимум да ги исполниме критериумите кои понатаму ќе ги бараме и од другите држави спрема нас во цела Европа па и од цел свет. Затоа, уште еднаш апелирам дека оваа спогодба ја прифаќаме како нужна и како многувремено решение. Целта веројатно би била и наша и на албанската страна што побрзо да преминеме на целосно безвизен режим.

Кога веќе излегов за оваа точка, би сакал да укажам, се однесува и за другите точки од ратификациите на спогодбите со Албанија, да укажам на моето лично незадоволство дека односите меѓу двете држави се сеуште крајно оптоварени во однос на употребата на уставното име од страна на албанската држава кон Република Македонија. Како што знаете, албанската страна ја призна нашата држава под референцата што се употребува во Обединетите Нации и согласното тоа спогодбите се потпишуваат не со Владата на Република Македонија туку со Македонската Влада, што е една формула да се избегне потпишувањето

на ратификационите спогодби со таквите референции. Меѓутоа, трендот на развојот на настаните како и за визниот режим мислам дека потполно оди во насока на тоа дека барем Република Албанија како сосед со кој имаме добри односи и со кој се развиваат и стопанските и политичките односи е должна што побрзо да го преиспита својот став од 1994 година во врска со признавањето на Република Македонија под референцата на Обединетите Нации и да ја признае нашата држава. Мислам дека тоа е долг на албанската страна, имајќи предвид повеќе факти од билатералните односи меѓу овие две држави и дека и покрај се изразувам лично незадоволство од тоа што албанската страна сеуште заради свои причини не се одлучува да пристапи во преговорите со Република Македонија за името на начин кој е единствено можен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани пратеници, излегов на говорница да дадам поддршка на оваа спогодба и истовремено да дадам поддршка и на другите спогодби кои исто така очекувам да бидат потпишани со Република Албанија. Но она што повеќе ми даде повод да излезам на говорница е тоа што ме наведе дискусијата на г-динот Никола Поповски, кој се залагаше за воведување еден безвизен режим. Тоа е исто така и моја желба и јас мислам дека на тој план треба да работиме, да работиме и да чекориме напред, бидејќи такви работи можат само да ни помогнат, а не да ни одмогнат, особено кога ги знаеме нашите проблеми кои ги имаат и двете држави.

Прашањето е малку суптилно во однос на висината на визите и јас лично, иако бев еден од оние кои учествуваа на прославата во однос на

потпишувањето на овие први четири спогодби, за кои знаете за четвртата претпоставувам дека ќе расправаме на наредната седница на Собранието, а за која исто така се ангажирав што побрзо да расправаме и да ја спроведеме во практика, бидејќи висината на визите што се предмет, што се решаваат со ова, мислам дека сепак претставува доста добар товар за граѓаните на двете земји кои живеат во граничниот појас. Зошто го кажувам тоа? Го кажувам од причина што 5 долари е визата ако се добие во Тирана, а 10 долари ако се добие на граница. За да се добијат 5 долари виза треба да се патува од секој крај на нашата граница долж 200 и повеќе километри колку е таа граница со Албанија, треба да се патува од прилика 150 км. за да се заштедат 5 долари. Мислам дека една таква работа е тешка, особено за граѓаните на Албанија кои се наоѓаат во една таква состојба после тие економски тешки состојби со пирамидите. Затоа, мислам дека укажувањето односно апелот кој го направи г-динот Никола Поповски можеби добро држи ние освен што денес ќе ја ратификуваме оваа спогодба да донесеме заклучок и да и препорачаме на Владата да се бори за решавање на ова прашање вака да оди, значи да предложи да се оди на еден безвизен режим. Јас исто така бев за жал малку изненаден и во однос на прашањето на слободната трговска размена. Сега првпат слушнав дека тоа не е прифатено од страна на Албанија, но мислам дека напорите треба да стојат и на тој план бидејќи и ние сме земји како Македонија така и Албанија, земји на кои им се потребни такви ослободувања, бидејќи е тоа излезот од оние состојби кои сега ги имаме на двете страни.

Кажав дека ќе дадам поддршка и ќе гласам за ратификација на оваа спогодба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Благој Ханџиски, министер за надворешни работи.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, само за да не остане впечатокот дека спогодбата за слободна трговска размена со Република Албанија не е потпишана заради тоа што Република Албанија не прифаќа

потпишување на таква спогодба, чувствувам потреба да го дадам следното образложение.

Од двете страни постои оценка дека има и заедничка потреба и големи потенцијали од потпишување и ратификација и ставање во сила на спогодба за слободна трговска размена. Причините заради кои во овој случај, за време на посетата на премиерот Фатос Нано, не се потпиша спогодбата за слободна трговска размена лежат во тоа што од спогодбата произлегува и голем број обврски за нејзина целосна имплементација или примена во пракса, а тие се врзани за ставање во целосна функција на Дирекцијата за царина на Република Албанија, а исто така и за ставање во функција на се она што се подразбира под механизми на фискална политика. Со оглед на тоа што Република Албанија во моментот сеуште не е подготвена, а знаете од кои причини, знаете дека Република Македонија притекна во помош во еден подолг период и ја организираше царинската служба на Република Албанија во моментот кога се распаднаа некои од битните институции и знаете дека таа помош на Република Македонија исклучително позитивно е оценета за време на политичкиот дијалог со НАТО во Брисел, каде што генералниот секретар на НАТО Солана тоа посебно го потенцира. Република Албанија вложува големи напори да ја стави во полна функција Дирекцијата за царини и механизмите за спроведување на фискалната политика и тогаш кога ќе биде подготвена,спогодбата ќе биде потпишана, затоа што во голема мера текстот на спогодбата целосно е усогласен. Според тоа, причината за непотпишување не е тоа што Република Албанија не прифаќа потпишување на една таква спогодба, туку причината лежи во тоа што претпоставките за нејзино влегување во сила од албанска страна сеуште не се исполнети.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Мевљан Тахири.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Очекував дека од страна на министерот ќе ни се даде објаснување и во однос на ваквиот визен режим кој што се предлага со овој закон, имено, да се објаснат причините поради кои не може да се дојде до

договор со кој ќе се воспостави полиберален визно пасошки режим меѓу Република Македонија и Република Албанија. Бидејќи такво нешто не слушнав, а би сакал да знам кои се причините и која страна евентуално е според мене за потврда визнопасошки режим за преминување на границата меѓу Република Македонија и Република Албанија, јас го изразувам своето незадоволство од ваков начин на регулирање со оваа спогодба на режимот на преминување на границите, бидејќи во најмала мерка сметам дека ќе беше пожелно да се воспостави таков визен режим како што постои со некои други држави од соседството, особено ако се има предвид големиот процент на Албанци кои живеат во Република Македонија и кои имаат посебни интереси за комуникација со Република Албанија. И поради тоа што такво објаснување не добив, а се надевам дека ќе може да се даде едно кратко објаснување во однос на тоа какви се намерите на двете влади во донос на ова прашање во натамошниот тек и до колку не добијам задоволителен одговор во однос на ова прашање, јас лично нема да го поддржам ратификувањето на оваа спогодба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, често пати се сретнуваме со вакви ситуации и состојби во кои пред нас имаме едно решение кое е многу пати подобро од она решение кое досега функционираше во визниот режим меѓу двете држави. Навистина имавме рестриктивен визен режим и навистина имавме исклучително високи такси за визите, имајќи го посебно предвид стандардот на населението и во Република Албанија и во Република Македонија. Ова решение е многу поблиску до целосна либерализација на визниот режим, ова решение е голем исчекор со

оглед на тоа што го немате предвид и целиот пакет на четирите закони кои се потпишани и кои треба да се ратификуваат. Заради една мала техничка грешка четвртата спогодба ќе биде ратификувана на наредната седница на Собранието, ќе дојде законот и во неа ќе видите дека воспоставуваме мелогранична соработка, во појасот по 10 км. од двете страни на границата со која се овозможува на граѓаните од двете страни на границата двапати месечно во траење од два дена без било какви визи, без било какво плаќање на такси да може да престојуваат во едната или другата држава. Тоа е дополнителен чекор на либерализација на визниот режим. Според тоа, не би можел да го прифатам објаснувањето или ставот на пратеникот Тахири дека заради тоа што ова решение навистина не значи максимална либерализација на визниот режим, а е многу подобро од претходниот рестриктивен режим, не треба да се поддржи.

Конкретно одговорот на прашањето што мисли Владата околу натамошната либерализација на визниот режим е следниот. Кога се потпишуваат меѓудржавни договори, во спогодбата или договорот влегува она за што во дадениот момент експертите од едната и од другата страна или владите на едната и другата држава ќе се договорат. Во врска со визниот режим тоа е тоа што досега меѓусебно успеаја да се договорат двете влади, што значи големо подобрување и затоа во вид на спогдоба и со закон за ратификација и го нудиме да се усвои во Парламентот и да стапи во сила. Со подобрувањето и развојот на односите со Република Албанија двете влади ја разгледуваат потребата од натамошна либерализација на визниот режим, а ви реков проблем е и тоа што го немате целиот пакет на четирите закони пред себе за да видите дека има и дополнителни мерки на либерализација, заради тоа што малограничната соработка овозможува на голем број граѓани од

двете страни на границата двапати месечно по два дена да ја поминуваат без визи и без такси.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за укинување на визите за дипломатски и службени патни исправи и ви- сината на таксите за издавање на други видови визи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? 55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува до гласање?

еден пратеник се воздржува од гласање.

Ве молам да се провери колку пратеници се присутни во салата.

(По пребројувањето)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? 57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (еден пратеник е против).

Дали некој се воздржува до гласање?

еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 1, 2 и 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членовите 1, 2 и 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ханџиски, министер за надворешни работи.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Од истите причини Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Од исти причини јас не гласам и за овој закон и за оваа ратификација. На кратко, значи барам во членот 1, оваа спогодба да не се ратификува, во членот 2 интервенирам дека е лош преводот од албански јазик и на крајот барам овој закон никогаш да не влезе во сила. Тоа значи мојата расправа, моето образложение по амандманот во врска со првата спогодба со првиот закон, како за вториот и за овој важи во целина и тука сме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува до гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за укинување на визите за дипломатски и службени патни исправи и висината на таксите за издавање на други видови визи.

XII/1 ДВ/ПН

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на 11 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Словачката Република за укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно подели.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Словачката Република за укинување на визи за носители на дипломатски и службени визи.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака.

61 пратеник.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. 59 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Дали има некој против? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

61 пратеник.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Словачката Република за укинување на визи за носителите на дипломатски и службени пасоши.

Минуваме на 12 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Меморандумот за разбирање меѓу РМ и Република Турција за трговија со текстилни производи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Меморандумот за разбирање меѓу РМ и Република Турција за трговија со текстилни производи.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака.

61 пратеник.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? 61 пратеник.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

58 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Меморандумот за разбирање меѓу РМ и Република Турција за трговија со текстилни производи.

Минуваме на 13 точка - Предлог за донесуваше на законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за соработка во областа на културата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Сите ние, верувам, и јас како член на Комисијата за култура, ја поздравуваме оваа Спогодба со Сојузна Република Германија во областа на културата, земја голема не само по површина, туку и со големи културни вредности.

Мислам дека сите ќе се согласите и ја пренесувам пораката на Комисијата за култура дека сепак, како членови на таа Комисија кога се иницираат или во било која фаза носат тие спогодби, треба да бидеме вклучени уште во нејзиното иницирање или во некои од процесите при донесување.

Морам да ви ја пренесам пораката дека на овој начин како Комисија сме ставени во ситуација готов текст да изгласаме, а исто овде на Собранието, го амандман а реагираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон аз ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за соработка во областа на културата

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака.

61 пратеник.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?

61 пратеник.

Дали има некој против? (Нема) Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

61 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Владата и Владата на Република Германија за соработка во областа на културата.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 85-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 17,30 часот)